**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

од Шестото продолжение на Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 февруари 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангел Димитров, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Али Ахмети, Ванчо Георгиев и Талат Џафери ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Точката 9 е Предлог за разрешување на заменик на министерот за здравство.

Господинот Јани Макрадули бара збор процедурално.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, согласно Деловникот, член 74, но и со оглед на значењето на седницата што ја свикавте и точката на дневен ред за Предлогот на декларацијата за поднесување барање за членство на Република Македонија во Европската унија, предлагам да направиме измена во редоследот на точките и точката 9 да биде последна во расправата на седницата.

Барам поддршка од 10 пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, предлогот има поддршка и од позицијата и од опозицијата.

Го ставам на гласање предлогот точката 9 да биде точка 12.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 51 пратеник, 50 за, 1 воздржано, нема против.

Ги молам службите да го констатираат бројот на присутните во салата.

Гласањето е неважечко, бидејќи во салата нема доволен број пратеници.

Ги молам пратениците кои се во Клубот и во аулите на Парламентот да влезат, за да имаме доволен број за гласање.

(Во салата влегуваат повеќе пратеници)

Бидејќи сега имаме доволен број за да одлучуваме полноважно, повторно го ставам предлогот на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 52 пратеници, 50 за предлогот, 2 воздржано, нема против, а вкупно се присутни 64 пратеници.

Со тоа констатирам дека предлогот е усвоен.

***Преминуваме на 10 точка:***

***- Предлог на декларација за поднесување на барање за членство на Република Македонија во Европската унија.***

Повелете господине Коце Трајановски, имате збор процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам, претседателе.

Со оглед на тоа што се работи за една многу значајна тема и со оглед на то што имаме две точки кои се поврзани со оваа тема и со оглед на тоа што имаме некои несогласувања околу тие двете точки, барам пауза од 10 минути за да се усогласиме сите политички партии ова да биде донесено со консензус.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза до 11,30 часот.

(Пауза)

Да продолжиме со работа.

Да повторам, почнуваме со 10-тата точка од дневниот ред.

Повелете господине Жарко Караџоски, имате збор процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе,

Дозволете ми од името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да ви упатам честитка за роденденот, бидејќи денес ви е роден ден.

Сега да ви кажам, не ви подготвивме подарок, но не сфаќајте дека на тој начин ќе ја повлечеме интерпелацијата. Тоа и понатаму останува. Тоа само зборува за демократскиот однос во Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам на честитките.

А како подарок од моја страна, бидејќи слушнав дека ниеден претседател на Собранието до сега писмено не одговорил интерпелацијата, вие ќе го добиете писмениот одговор, така што можете да се подготвите за расправата.

Значи, преминавме на 10-тата точка - Предлог на декларација за поднесување барање за членство на Република Македонија во Европската унија.

Предлогот на декларацијата, мислењето на Владата, Извештајот на Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања и Дописот на Законодавно правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на декларацијата.

Предлагачите на Предлогот на декларацијата поднесоа амандмани на преамбулата во став 1, на преамбулата за додавање три нови става по став 2, на преамбулата за додавање нов став 4 после ставот 3, на точката 1, за менување на точката 2, точката 4, за додавање 5 нови точки 4-а, 4-б, 4-в, 4-г и 4-д по точката 4 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на декларацијата.

Предлагачите на Предлогот на декларацијата го повлекоа амандманот за менување на точката 2.

Истовремено, предлагачите на Предлогот на декларацијата поднесоа амандман за менување на точката 2 и тој е составен дел на Предлогот на декларацијата.

Предлагачите на Предлогот на декларацијата поднесоа амандмани за менување на: точка 2 и за бришење на новата точка 4-в и тие се составен дел на текстот на Предлогот на декларацијата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на декларацијата.

Молам, кој бара збор?

Во име на предлагачите, има збор господинот Слободан Чашуле, а нека се подготви госпоѓа Каролина Ристова.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Ќе ми дозволите да бидам малку и личен. Господине, претседателе, не само што ќе бидете прв што одговорил писмено на интерпелацијата, туку на вашиот роден ден носиме еден историски документ. Нека ви е со среќа и вам и нам!

Јас не отстапувам од тоа дека денешнава седница ќе биде една во низата значајни, на кои некои подоцна кој кога ќе ја вреднува нашава работа ќе и го придодаде и епитетот историска. Јас сум цврсто убеден дека исходот на денешното гласање ќе ја оправда таа квалификација на денешниот состанок и документот што го носиме.

Пред нас е - и јас ќе го прочитам, за да биде заеднички, низ една подолга фаза на преговори го усогласувавме - е документ кој ја изразува политичката волја на сите граѓани на Република Македонија нашата држава, конечно, и беспоговорно да се најде во оркестарот на нациите обединет во Европската унија. Велам беспоговорно, бидејќи со овој документ ние практично ја даваме најшироката можна рамка за натамошно дејствување кон нашето зачленување кон Европската унија. Тоа значи дека на себе преземаме една низа одговорности, од кои ќе биде предавнички чин да се отстапи, а нивното исполнување ќе го определи рокот кога нашата држава ќе се придружи кон ова, еве оваа година веќе проширено семејство на нации.

Практично рамносилно декларацијата, усвоена во овој Парламент за независност, носиме декларација во која велиме дека по сите наши убедувања, одлики, желби сме европска нација. Со овој документ практично почнува еден долг пат, кој тешко е да се квантифицира колку ќе трае сега и треба при размислувањето на оваа тема, и сега и понатаму, строго да се води сметка за тоа што значи да бидеме цврсти и решени да станеме европска нација и каде лежат задачите и одговорностите кога тоа ќе го направиме.

Република Македонија со сите свои перформански до сега, кои нам бидејќи сме по природа такви луѓе, а и тоа е човечка особина, никој пат не ни се доволни, е сепак држава која покажа дека има витална демократија, дека има политички систем кадарен да ги преживее премрежјата што произлегуваат од неснаоѓањето, неискуството, вкупниот кризен контекст во светот, прекршувањето на тој кризен контекст кај нас во регионот, нашите недоразбирања и недозреаности, но сепак, од 1991 година како континуитет на волјата изразена 1941 година и потврдена на АСНОМ, чија што годишнина ќе ја славиме оваа година, Република Македонија ги

преживеа своите премрежја и покажа волја на македонскиот народ, на сите народи и заедници и граѓани што живеат во неа, оваа држава да ја биде. Во тој пат, многу пати ќе се недоразбереме како што бидна, понекогаш ќе знаеме и да го пречекориме човечкото, но сепак, гледајќи го овој Парламент му се допаѓало тоа некому, мене или на друг современик, сепак успеваме во рамките на демократските стањндарди на таа иста Европа, која повеќе е наша, да седнеме и разликите со повишени и со недржавнички, и со смирени и со државнички тонови, да ги решаваме таму каде што им е местото, а тоа е Парламентот на суверената држава Република Македонија, која со денешната декларација ќе се прогласи себеси за европска. Велам ќе се прогласи, заради тоа што едно е да имаш чувство за потребите на граѓаните кои сакаат просперитет, благосостојба, рамноправни шанси да тргнат во потрага по сопствената среќа, а друго е дас влезеш во еден елитен круг, кој се состои од повеќе заедници наречен Европска унија, каде што тие што свират во тој несекогаш хармоничен оркестар, се строги, беспоговорни и неменливи. Тие не произлегуваат од нашиот однос кон нив, од нашата волја, од нашиот израз на таа волја зависи само дали ќе ги прифатиме или не и оној момент кога ќе ги прифатиме тие стануваат беспоговорна обврска.

И мене, денес кога ви го предлагам од името на ВМРО-ДПМНЕ, на нашата пратеничка група, на партијата и на сите 300.000 граѓани кои гласаа за нас, кога ви го предлагам овој документ, сосема ми е јасно дека Република Македонија ќе треба да прооди уште еден долг, тежок, макотрпен пат и тој процес денес го креваме на повисоко ниво. Само како потсетување овде, од името повторно на нашата пратеничка група, си честитавме, ви пруживме рака на задоволство кога Спогодбата за стабилизација и асоцијација беше ратификувана од сите европски земји, со што ние практично станавме придружена членка, значи веќе еден квалитет достигнавме и оваа декларација е само скалилото погоре по кое треба да уследи и формалната апликација која морам да ви кажам ќе се стори и од неа враќање нема. Ова го кажувам за да посочам на фактот на себе преземаме извонредна историска одговорност. Тоа што ќе произлезе, дали ќе трае кусо, дали ќе трае долго, ќе зависи само од нас, од нашите перформански, од работата на овој Парламент.

Некои таму на почетокот на демократската фаза во опстојбата на македонската држава рече дека Република Македонија нема време за чекање. Ако тогаш тоа беше политички слоган во едно конфузно, волнено време, денес во однос на исполнувањето на перформансите кои произлегуваат од Спогодбата за

стабилизација и асоцијација и оние кои ќе произлезат од одговорот на Европската унија на нашето барање за зачленување ќе бидат тешки, ќе бидат напорни, ќе бидат исклучително захтевни од нас, ќе бараат дисциплина, ќе бараат донесување на закони, ќе бараат деноноќно работење и ќе бараат видоизменет политички дискурс.

Седницава започна со едно мноштво амандмани. Во фазата на договарање ние како предлагачи прифативме серија на подобрувања и ги оценивме на комисиие, каде што им е местото на овие договарања да се случуваат, а нашиот Парламент покажува европски одлики во тој поглед, ги прифтивме како конструктивни. Потоа дорградувавме, за да дојдеме до еден заеднички политички израз и затоа некому ќе му прозвучи дека едно мноштво на реченици се размениле. Јас ќе кажам дека во тоа се состои демократијата таму каде што е едногласието, таму нема слобода, таму нема борба на мислење. Од таа борба на мислења произлезе ова. И бидејќи на почетокот на седницата се кажа дека имаше мноштво амандмани и усогласувања, јас ќе ве замолам за уште малку трпение и да ми дозволите тоа што по сето договарање извонредно конструктивно и плодотворно произлезе како прочистен текст на декларацијата што ви предлагаме да ја усвоите, да го прочитам:

"Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана денеска, донесе Декларација за поднесување на барање за членство на Република Македонија во Европската Унија.

Тргнувајќи од силно изразената определеност на граѓаните и консензуалната согласност на политичките субјекти за интегрирање на Република Македонија во Европската Унија како стратегиска цел од витално значење определувајќи ги заедничките европски вредности и политичките стандарди и потребата да се исполнат критериумите на Европската Унија, кои гарантираат економски просперитет, политичка стабилност, демократија, слобода и безбедност, имајќи го предвид фактот дека Република Македонија е вклучена во Процесот за стабилизација и асоцијација, вклучително и преку склучување на Спогодба за стабилизација и асоцијација, целосно потврдувајќи ја определеноста на Република Македонија за реализација на обврските преземени од Декларацијата на Самитот на Европската унија - Западен Балкан, одржан на 21 јуни 2003 година и Солунската агенда за Западниот Балкан: "Кон европска интеграција", истакнувајќи дека Република Македонија континуирано развива односи на конструктивен дијалог и

партнерство со Европската Унија, имајќи предвид дека процедурата на ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија е целосно завршена во парламентите на сите земји - членки на Европската Унија и има вонредно политичко значење за поддршката на нашата земја, изразувајќи ја определбата за изградба на стабилна Република Македонија и Југоисточна Европа потполно интегрирана во европската заедница, имајќи ги предвид Декларацијата за развој на односите на Република Македонија со Европската Унија донесена од Собранието на Република Македонија на 4 февруари 1998 година и Декларацијата за подигнување на нивото на односите на Република Македонија со Европската Унија донесена на 23 ноември 2000 година, Собранието на Република Македонија

- Ја потврдува цврстата определеност за членство во Европската Унија како стратегиска цел на Република Македонија на која континуирано ќе и дава поддршка и приорите;

- И препорачува на Владата на Република Македонија да поднесе барање за членство на Република Македонија во Европската унија;

- Укажува на потребата Владата на Република Македонија да го информира Собранието за предвидените и реализираните обврски, како и за исполнување на сите програми и други активности што се обврска за прием на Република Македонија во Европската унија, на секои три месеци.

- Ќе настојува да се забрзаат процесите кои треба да се исполнат за побрзо интегрирање во Европската Унија, односно исполнување на критериумите за пристапување кон Унијата утврдени од Европскиот совет во Копенхаген 1993 година.

- Ја истакнува целосната посветеност на политичките сили застапени во Собранието на Република Македонија да дејствуваат во насока на исполнување на условите за членство во Унијата.

- Ќе работи на усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската Унија, вклучувајќи и воведување посебни постапки за поголема ефикасност на процесот.

- Целосно ќе се ангажира, во рамките на меѓупарламентарната соработка, за промоција и поддршка на барањето за членство на Република Македонија во Европската Унија.

- Ги повикува земјите членки и институциите на Европската Унија да дадат засилена поддршка на реформите во Република Македонија насочени кон исполнување на потребните услови за пристапување кон Унијата, поттикнувајќи го развојот на севкупниот капацитет за спроведување на реформите.

- Ќе придонесе за поттикнување и развој на јавното мислење и јавната свест во Република Македонија за придобивките од нејзиното полноправно членство во Европската Унија.

- Оваа декларација да се достави до претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Европскиот парламент, Европската комисија, како и до парламентите на земјите - членки на Европската Унија и новите земји - пристапнички.

- Оваа декларација ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”, но, од овој момент натаму таа е јавен документ обврзувачки за сите нас.

Јас се надевам дека сега со нашето гласање кое сум убеден дека ќе биде едногласно ќе се усвои оваа декларација и со неа дилемите околу аплицирање или не еднаш засекогаш ќе се отстранат и ќе се воспостави разликата измеѓу нашата желба и цврсто изразена политичка волја да станеме членови и перформансите што ќе треба да се сторат.

Ќе требе енергијата да ја насочиме кон расправите како подобро и како како парламент ние во тој динамичен однос со Владата, со претседателот на Републиката, со невладината стварност во Република Македонија, ќе градиме еден одговорен однос и ќе бараме заеднички секој во својот домен со највисоката можна одговорност да си ги заврши работите, оти враќање назад повеќе нема.

Со оваа декларација конечно и се дава на нашата држава и на Владата која е задолжена тоа да го стори политичката рамка за аплицирање во Европската Унија, а ние на себе преземаме одговорност прашањата што ќе дојдат, кога ќе дојдат и како

ќе дојдат и во кој обем ќе дојдат, во делот на законодавството, хармонизацијата на нашиот правен и политички систем, донесувањето нови закони, да имеме врврни европски пеформанси.

Уште еднаш свесен за историското значење на овој документ од името на ВМРО ДПМНЕ и на нашата пратеничка група, на сите симпатизери и граѓани што гласаа за нас ве повикувам да гласаме едногласно за оваа резолуција.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Чашуле, повелете госпоѓа Ристова, нека се подготви, пратеникот Јани Макрадули.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги и колешки пратеници, почитувани пртставници на Владата,

Јас се јавувам како известител на Комисијата за Европски прашања, да известам за тематската седница на Комисијата во врска со апликацијата за членство во ЕУ, а која што е во функција токму на оваа точка на дневниот ред.

Од денот на најавата на апликацијата од страна на Владата, што горе долу коинцидираше и со конституирањето на Комисијата за Европски прашања прв и главен предизвик на Комисијата стана токму обезбедувањето еден парламентарен форум за сослушување на сите размислувања за и против најавената апликација кои што постојат во македонскаста јавност и на тој начин на собранискиот пленум да му обезбедиме едно согледување односно еден материјал за полесно изјаснување по оваа точка од дневниот ред. Дотолку повеќе што декларацијата која што денеска треба Собранието да ја гласа доколку ја изгласа ќе го добие историското значење и тежина кое што е на ниво на декларацијата на независност на Република Македонија.

Со други изборови со една ваква декларација Собранието ќе покаже дека највисокиот претставнички орган на г раѓаните на Република Македонија стојат зад овој Владин чекор како прашање на национален консензус, значи чекор зад кој што стои и позицијата и опозицијата и граѓаните на Република Македонија со што на Европските институции ќе им упатиме порака дека станува збор за обмислен чекор на македонската држава и општество во одлучувањето за она што е најзначајна наша визија на сопствената иднина, а не чекор кој што изразува некакво моментално

расположение или дневно политички хир, било на позицијата или на опозицијата на македонската политика.

Тематската седница на Комисијата за Европски прашања се одржа во три сесии, почнувајќи од 22 декември минатата година, 21 и 23 јануари оваа година. Со оглед на тоа што деталниот извештај ви беше доставен, а исто така е достапен за целата македонска јавност и на ВЕП-страницата на Собранието на Република Македонија во оваа прилика јас во една скратена верзија би ве информирала Вас и македонската јавност за резултатите од тематската седница, а со тоа и да ја оддадам нужната почит на сите учесници кои што се одзваа на поканата на Комисијата да во облик на сослушување учествуваа со свои ставови и на тој начин да ни помогнат нам, пратениците, да ја донесеме оваа историска одлука.

На првата сесија на сослушувањето за апкликацијата своите аргументи за апликацијата ги изнесе Владата на Република Македонија претставена од потпретседателот на Владата задолжена за евроинтеграции г-ѓа Радмила Шеќеринска и министерката за надворешни работи г-ѓа Илинка Митрева, а кој што дополнително беа изострени, искристализирани преку прашања на членовите на Комисијата за европски прашања и дозволете тука по име дас ги спомнам сите заради моја благодарност за нивниот конструктивен придонес. Тоа се колегите: Замир Дика, Зоран Шапуриќ, Зоран Крстевски, Орданчо Тасев, Силвана Бонева, Аднан Јашари и Весна Борозан.

Владата како свои аргументи во прилог на апликацијата ги истакна:

1. Прогресот во однос на политичките критериуми за членство особено во однос на стабилизацијата на државата, стабилнот тек на исполнување на обврските од рамковниот договор, напредување во демократизацијата на политичкиот систем.

2. Ратификацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација

3. Постоење на општествен, политички и етнички консензус за евроинтеграцијата кој треба преку апликацијата да се канализира во севкупна општествена мобилизација за подлабоки реформи во државата и во општеството заради успешно интегрирање на Република Македонија во ЕУ.

4. Охрабрувањето од Самитот во Солун во однос на Европската перспектива на државата и посветеноста на ЕУ, кон оваа Европска перспектива и на Македонија, меѓутоа и на регионот,

5. Суверено право за македонската држава и општество да одлучат, но и да ја преземат одговорноста за моментот на поднесувањето на апликацијата.

6. Владата посебно го назначи својот став дека со оваа апликација не сакаме да упатиме порака до ЕУ дека ни сметаме дека во овој момент сме зрели за членство во ЕУ туку сме спремни поенергично да работиме на исполнување на критериумите за членство, но и истовремено да истакнеме дека Република Македонија во целиот овој период на назад од своето самоостојување покажува континуирана посветеност на Европско решавање на сопствените проблеми и континуирано постапува согласно со препораките на ЕУ, и оттука заслужува да се смета за позитивен пример во регионот, пошто ја заслужува поддршката и охрабрувањето на непомалку интензивен начин од она што уживаат нашите соседи кои што го изминале или сеуште го изминуваат истиот пат.

На втората сесија на сослушувањето се овозможи свои ставови за најавената апликација да изнесат поканети претставници на невладините организации, парламентарните партии кои што немаат свои членови во Комисијата за Европски прашања, непарламентарни партии, и експерти.

На седницата од поканетите политички партии свое учество земаа Социјалистичката партија, Партијата за демократски просперитет, Демократската алтернатива, Демократскиот Сојуз. Од невладините организации Тинк-тенкови, Институтот Евробалкан, Младите европски федералисти, Европското движење на Република Македонија и Центарот за Европско образование. А, од експертите за жал имавме најмалку одзив, но нивните мислења и аргументи ни беа достапни преку јавната дебата во пишаните и електронските медиуми.

Од политичките партии, ПДП го изразо својот став преку нашиот колега Исмет Рамадани, и си ја даде својата целосна поддршка за апликацијата. Истото го стори и Социјалистичката партија иако условно укажувајќи дека треба многу да се работи на исполнување на критериумите за членство. Големи резерви пак дури и не одобрување на апликацијата изразија Демократскиот Сојуз и Демократската алтернатива. За невладиниот сектор карактеристична беше нивната едногласна поддршка за апликација нивниот голем ентузијазам и оптимизам.

Од експертските искажувања би го издвоила како највпечатливо искажувањето на проф. д-р Трајко Славевски кој истакна дека иако тгреба да работиме да работиме многу, сепак, не треба да бидеме сопствени поголеми критичари отколку што тоа се надворешните критичари кога станува збор за нашите Евроинтегративни напори и дека апликацијата треба храбро да ја поднесеме.

Голем оптимизам и поддршка на апликацијата дадоа и граѓаните преку свое учество во електронскаста анкета на Комисијата за Европски прашања која што се спроведуваше на ВЕП-страницаста на Собранието на Република Македонија. Иако оваа анкета не е работена според научни стандарди, имаше чисто информативен карактер, јас сепак би ги кажала тука резултатите. Од вкупно 1365 гласања 1005 беа за поднесување на апликацијата или 73%, 308 беа против или 23% и 52 неопределни односно со одговорот незнам или во проценти 4%.

Ја користам оваа прилика на сите спомнати субјекти и на македонските граѓани да им заблагодарам за нивното учество во овој демократски процес, но и да им се извинам на сите оние кои што или заради немање време или заради превид не беа поканети да учествуваат на тематската седница на Комисијата. Но ве уверувам дека ќе имаме и други прилики во нашите евроинтегративни напори бидејќи Собранието на Република Македонија преку Комисијата за Европски прашања е цврсто определено да обезбеди што поголема јавност, што поголема информираност и легитимност на процесот на Евроинтеграцијата и што поголема инволвираност на граѓаните и на невладиниот сектор со што на нам пратениците ќе ни помогнат во донесување на значајни одлуки во овој процес.

Впрочем интеграцијата не ни припаѓа само нам, не е одговорност само на нам политичарите туку на сите нас како држава и општество.

Почитувани колеги и колешки пратеници врз основа на одржаната тематска седница Комисијата за Европски прашања во врска со најавата на Владата за поднесување на апликација за членство во ЕУ донесе и два заклучока:

1. Комисијата за Европски прашања констатира дека мнозинството од присутните субјекти на оваа тематска седница дава поддршка за апликацијата за пристапување кон членство на Република Македонија во ЕУ;

2. Во контекст на најавената апликација Комисијата укажува дека Владата, Собранието и сите други надлежни органи да продолжат со своите активности за исполнување на обврските утврднеи со спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Почитуван претседателе, колеги и колешки пратеници, иако јас овде настапив како известител на Комисијата за европски прашања дозволете ми и како нејзин претседател да завршам со еден цитат од големиот визионер кога станува збор за прашањето на интеграцијата на Европскиот континент, големиот Францус Виктор Иго, кој во 1872 година им упати писмена порака до Мировниот конгрес во Лугано, и на учесниците им се обрати со “мои европски сонародници” и меѓу другото

визионерски ќе каже: “Ние ќе бидеме големите Соединети европски држави кои ќе го крунисаат стариот свет како што САД го крунисуваат новиот. Ние ќе го преобразиме духот на завојувањето во дух на откритија, ќе го имаме штедрото братство на нациите наместо суровото братство царевите, ќе имаме татковина без граници, трговија без цариници, сообраќај без пречки, образование без заглупавеност, младеж без касарни, храброст без борба, правда без бесилка, живот без убиства и љубов без омраза”.

Таа визија, тој голем сон е денеска, како што сме сведоци е нешто што постои, нешто што се остварува и тоа е суштината на Европската интеграција. И, ние како сегашни генерации на македонски политичари треба да ја преземеме одговорноста и да ја предводиме македонската нација да биде дел од таа визија и тој сон. И оттука апелирам да ја поддржиме оваа декларација, со која на ЕУ, ќе и кажеме дека и ние македонските пратеници, како глас на македонските граѓани, го сонуваме сонот, ја имаме визијата на Виктор Иго и ќе работиме на нивното остварување, а ЕУ, треба само да ни подаде рака.

Ви благодарам и среќен роденден г-дине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам г-ѓа Ристова.

Чинот е толку историски, што со мојот роденден е помалку историски.

Повелете г-динине  Макрадули, а нека се подготви пратеникот Зоран Крстевски.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници, претставници од Владата, пред нас на дневен ред имаме исклучително вачна точка, точка  која се однесува на најзначајната стратешка определба на македонската држава и општество, барем за првата половина од 21 век, која нуди можност да се покаже колку навистина овој дом и сите ние што сме тука да ги застапуваме интересите на граѓаните сме навистина на нашата задача и дадената доверба. Обврската е голема и бара ладна глава и решителност. Денес барем за момент треба да се остават зад нас и политичките разлики и секојдневните јалови дискусии и препукувања и несогласувањата околу тековни прашања и проблеми кои понекмогаш не тераат да заборавиме зошто всушност сме овде.

Денес сме во ситуација во која Кипар и Малта биле во 1990 година, Унгарија и Полска  1994, Романија и Бугарија 1995, Чешка и Словенија 1996 година, земји кои

зај потсетување се во предворјето на ЕУ. Овде сме и за да покажеме дека Република Македонија има свесни политичари кои можат да ја водат напред, да ја внесат во кругот на оние за кои секојдневно зборуваме, оние кон кои се стремиме и настојуваме да им се приддружиме и кои се по отворено ја подаваат својата рака кон нас. Овде сме да покажеме консензус државен општествен, и политички. А, работата е јасна, апликацијата за членство ни треба сега и веднаш. Секое понатамошно одлагање значи зголемување на растојанието меѓу нас и нашата цел. Да не заборавиме зборуваме за исклучително динамична цел која секојдневно се движи и менува. А, каде сме ние. Ратификувана Спогодба за стабилизација и асоцијација, целосна одговорност за безбедноста на сопствената територија и доследно имплементирање на обврските од рамковниот договор. Нема да ги заборавам и Макроекономската стабилност, регистрираната стапка на економски раст и позитивните оценки од реализацијата на аранжманите со меѓународните финансиски институции.

И, да не бидам погрешно разбран ова не се само желби и проекции на актуелната власт, туку реални состојби и достигнувања на земјата во целина. Сакал тоа некој да го прифати или но чинот на аплицирање за членство во ЕУ го верификува она што станува се поочигледно Република Македонија ја помина точката од која нема враќање, или како што во една прилика ќе изјави г-динот Тони Блер запрашан за неговите планови и потешкотиите со кои неодамна се соочи “нашиот автомобил нема рикверц”.

Процесот на стабилизација е зад нас. Нашата енергија и внимание сега се насочени кон фазата на асоцијација. Секако, никој не вели дека од утре односно од 26 февруари 2004 година, сите проблеми, едноставно, ќе ги снема. Но, едноставно, некогаш е важно да се покаже дека постои цврста решеност и волја истите да се надминат. Апликацијата значи токму тоа, манифестација на желба и подготвеност за довршување на започнатите реформи и целосно прифаќање на стандардите за членство во Европската унија. Но, не заради Унијата, туку заради самите нас. Оттаму пораката што Македонија ќе ја однесе во Даблин односно Брисел, треба да зрачи со сила што се црпи токму од поддршката на граѓаните. Впрочем пораките кои оттаму стигнуваат во изминатиот период, се ништо повеќе туку одраз на плурализмот на ставовите и интересите на земјите членки, но и тест на способноста на земјата апликант, за носење на самостојна одлука која во преден план ги има токму интересите на сопствените граѓани.

Декларацијата треба да демонстрира дека и Собранието и граѓаните кои ние овде ги претставуваме, стојат зад намерата на Владата да поднесе апликација за членство во Европската унија. Ова е клучен историски чекор за Република Македонија. Не е само прашање на Владата, туку прашање на целата држава и сите граѓани. Оттука Собранието на Република Македонија како највисок претставнички орган на граѓаните, нужно мора да се изјасни дали ваквата намера на Владата ја поддржува. Се работи за внатрешно политичко легитимирање на апликацијата, со што всушност и ќе се зајакне самата претстава за апликацијата, пред институциите на ЕУ како демократски обмислен чин.

Почитувани колешки и колеги пратеници,

Апликацијата не значи дека Владата на Република Македонија, Собранието или граѓаните на Република Македонија сметаат дека се исполнети критериумите за членство Европската унија. Напротив апликацијата и формално правно ќе ја изрази нашата цврста определеност за членство во Унијата и ќе започне еден процес на општествена и политичка мобилизација, во правец на исполнување на овие критериуми за членство и обезбедување поголема одговорност на сите нас, надминување на амбивалентниот однос кон Евро интеграцијата.

Од денот на поднесување на апликацијата, сите имаме одговорност спрема апликацијата да биде успешна, Владата, парламентарното мнозинство, опозицијата, правосудството, медиумите, граѓаните.

Од денот на поднесување на апликацијата треба да осамне нов ден во Македонија, поголем оптимизам, поголема верба дека можеме да го следиме патот на нашите соседи, дека имаме со што да се пофалиме. Наместо за војни, блокади, кризи и сиромаштија, да зборуваме за иднината и нашето место во неа.

Поканата за учество во делегацијата, за лидерот на опозицијата е вистински чекор во вистинско време, потврда за доблеста, визијата и предимството кога тоа е најпотребно. Затоа очекувам присуство на лидерот на опозицијата, да биде дел од делегацијата, како што за време на Договорот за стабилизација и асоцијација, присуствуваше тогашниот лидер на опозицијата. Високото ниво на делегацијата ќе демонстрира единство надвор, таму, како што овде демонстрираме единство околу овој, како што рече г. Чашуле историски чин. Затоа очекувам висок степен на разбирање и согласност, но и одговорност кон обврските кои ќе произлезат од денешната одлука на Собранието, обврска за доследно почитување

на нашиот заеднички став дека оваа земја, како и многу пати досега има и сила и капацитет да го исполни своето ветување односно да ја оправда довербата што ќе и биде укажана.

Затоа, во име на пратеничката група на СДСМ, ја поддржувам оваа Декларација и изразуваме спремност и решеност за целосен придонес во изодувањето на патот до Европската унија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Почитуван господине претседателе, почитуван потпретседателке на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници,

Сакам во името на пратеничката група на Либералната партија да ја поддржам иницијативата на ВМРО-ДПМНЕ за донесување на Декларација за поднесување барање на Република Македонија за членство во Европската унија.

Оваа декларација нија ја доживуваме, пред се, како израз на единството на систе пратеници во Република Македонија, околу нашиот историски интерес, а тоа е идното зачленување во Европската унија. Сметаме дека со оваа Декларација, всушност се докажува и континуитетот на политиката што во изминатиот период Република Македонија ја води на планот на приближувањето на нацијата во Еропското семејство. Во таа смисла оваа Декларација сметаме дека е и придонес и потврда на континуитетот на сите претходни Влади, особено на последната Влада, во чиј мандат беше потпишата и Спогодбата за стабилизација и асоцијација за влез на Република Македонија во Европската унија. Но, оваа Декларација денес ние ја доживуваме и како документ кој треба да придонесе кон едно општо отрезнување, пред се на институциите на системот, на Владата која има посебна одговорност во процесот на интеграцијата, бидејќи состојбите на економски, социјален и политички план, се далеку од она што Европа денес го прифаќа како модел на организирано демократско богато општество. Се надеваме дека од моментот на поднесувањето на апликацијата, добивањето на упитот за тоа кои се обврски стојат на патот кон европската интеграција, секој од факторите, а пред Собранието на Република Македонија ќе ги забрза процесите на хармонизација, прилагодување на нашето

внатрешно законодавство кон законодавствата на Европската унија и ќе придонесеме со личен пример како тоа приближување што поскоро да го направиме.

Во оваа прилика ценам да кажам и тоа дека во Македонија сигурно нема да наиде на отпор оваа Декларација со оглед на тоа што е високо созреана свеста дека Европската унија, во односите досега со Република Македонија, цело време искажува партнерски однос и директно ја помага Република Македонија во надминувањето на структурните промени, па и оние проблеми кои произлегуваат од односите во соседството и колатералните штети што Република Македонија ги трпи.

Денес го слушнавме податокот дека една Грција, како членка на Европската унија, добива помош од 26 милијарди евра, што само по себе говори каков е односот на поддршката која идните членки или кандидати можат да очекуваат од Унијата. Затоа мислам дека на патот кон Европската унија, не треба да има колебање и сите треба едногласно да застанеме, бидејќи ние овде можеме да имаме разлики, да ги соочуваме аргументите, меѓутоа меѓународниот фактор, надвор не гледа како единствен политички фактор зад кој и тие би застанале, ако и ние имаме единство. Во таа смисла уште еднаш изразувам поддршка во името на пратеничката група на Либералната партија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Крстевски.

Повелете господине Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван претседателе на Собранието, почитуван потпретседател на Владата, почитувани колеги пратеници,

Дефинитивно ова е многу битен чин за Република Македонија. Но, ние од ЛДП дефинитивно не сакаме оваа дебата овде во Парламентот да помине без обврска која ние како пратеници ќе си ја земеме пред јавноста во Република Македонија, визави она што очекуваме со консензус да се усвои.

Веднаш на самиот почеток да кажам, од свое лично име и уште повеќе од името на ЛДП, односно нејзините пратеници дека и ние со задоволство ќе гласаме за оваа Декларација на ВМРО-ДПМНЕ.

Да го изразам задоволството што оваа декларација ќе биде усвоена токму од Парламентот како законодавен дом, токму од Парламентот како претставнички

дом на граѓаните, што значи ова ќе биде израз на волја на граѓаните на Република Македонија.

Да изразам задоволство што оваа Декларација е поднесена токму од опозицијата, бидејќи штом опозицијата е за влез во Европската унија, тоа значи дека сме сите за, како релевантни политички субјекти, тоа значи дека има консензус во Република Македонија по ова прашање и тоа ја прави оваа порака мошне силна, мошне моќна, пред сите оние на кои им се обраќаме.

Се разбира и во другите земји се користеше овој модел, секој на свој начин. Јас сакам да зборувам малку за македонскиот модел.

Имам замерки до опозицијата што едно се прави, друго се зборува, досега. Се надевам дека отсега ќе биде сосема поинаку. Или во превод, сликата не одговара со тонот. Досега добивавме убедувања до Владата на Република Македонија, добивавме убедување до парламентарното мнозинство, дека не не бива, дека не сме спремни, потоа дека не не сакаат, дека нема да не примат, дека не сме за таму. Тоа се случуваше до вчерашниот ден. Одиме по ред.

Почитуваниот последен говорник овде, колегата што настапуваше пред мене, пред многу краток период ја убедуваше потпретседателката на Парламентот дека нас не ни е местото во Европската унија. Сега пред малку слушнав дека оваа Декларација ќе биде токму од него прифатена во овој Парламент.

Господинот Кедев не е овде. Тој ни соопшти дека евро парламентарците ни праќаат јасна порака дека тие не не сакаат во Европа, иако во меѓувреме сватившме дека таа одлука не зависи од Евро Парламентот, за после такви изјави да добиеме изјава, токму од Дорис Пак која кажа “Бев изненадена кога прочитав во медиумите, јас сум рекла дека Европскиот Парламент воопшто не е подготвен да ја поддржи апликацијата на Македонија за членство”.

Инпровизацијата кај нас во Парламентот, да, за жал, проаѓа. Инпровизацијата на политичката сцена во Република Македонија, проаѓа. Инпровизацијата во Европа, не проаѓа. Така да, би повикал да бидеме особено внимателни кога зборуваме за интеграцијата во Европската унија, за интеграцијата во НАТО, бидејќи секоја наша изјава, се разбира овде во Парламентот, е будно следена од нивните канцеларии од нивните претставништва овде во Скопје.

Сега мене ме интересира, ќе се гласа, или нема да се гласа, од овие што ги спомнав, ќе се поддржи, или нема да се поддржи оваа декларација.

Се разбира јас со задоволство можам да го израам последниот пример, преку пратеничката Којзеклиска со која бевме заедно во Шведска, за која можам извонредни оценки да дадам, за нејзиниот настап во Шведскиот Парламент, кога имавме средба со Комисијата за надворешни работи во Шведска, каде достојно ги бранеше боите на нашата држава, ги бранеше интересите дека ние час поскоро дека треба да станеме член на Европската унија. Позавидив што не е член, искрено ви кажувам, на мојата политичка партија.

Уште еднаш јас јасно сакам да кажам, ова е одличен ваш потег, ова е добар потег, потег битен за ВМРО-ДПМНЕ, потег битен, што е најбитно за Република Македонија. Меѓутоа од Декларацијата треба да се помине на конкретни потези.

Се надевам сите стануваме, особено опозицијата, свесна, во Парламентот, што значи ова. Ова значи дека отсега натаму нема опструкции на сите предлози што ќе дојдат од Владата, кои треба да не приближат до Европското законодавство, што впрочем го кажа и господинот Чашуле. Дилемите, еднаш за секогаш треба да се отстранат. Треба вие како опозиција и ние како парламентарно мнозинство, да ги отстраниме. Јас и ЛДП од овој момент очекуваме, навистина конкретен придонес да дадете, да се приближиме вистински кон Брисел, бидејќи Брисел ја сака токму оваа порака што ние денес треба да ја испратиме. Јас ќе бидам првиот што ќе ви честита на секој предлог, што ќе биде прифатен или што ќе биде од вас иницииран, а кој ќе не приближи до Брисел. Ќе бидам првиот што ќе ве критикувам, доколку ова остане само обично парче хартија, а вие и понатаму ги блокирате оние закони кои треба, како што реков, да не донесат многу многу поблиску до Брисел.

Уште еднаш честитки, сепак, до овој ваш потег. Ние со задоволство ќе ја прифатиме оваа Декларација.

На крај претседателе, да ви предложам од името на пратеничката група, оваа Декларација да ја прифатиме акламативно, нешто што се деси како со независноста што овде беше усвоена во Парламентот на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сметаме дека овој историски чин, има потреба од реплики?

Ве молам дали сметаме дека овој историски чин, кој навистина е историски чин, треба да има реплики?

Повелете процедурално, госпоѓа Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Господине претседателе,

Ова е навистина денес историски чин и затоа ние не очекувавме дека говори на пратеници од позицијата ќе бидат искористени за политички маркетинг.

Сакам само да прашам дали механизмите за приближување кон европските стандарди и задоволување на европските критериуми се само во рацете на опозицијата. Заборавaме во чии раце е Владата. Затоа ве молам овој чин да не го користиме за политички маркетинг. Опозицијата е тука да критикува и секогаш кога ќе смета дека Владата заостанува во задоволување на одредени процеси, кретериуми и стандарди, е тука да биде конструктивна, да придонесе за унапредување на тие процеси.

Ве молам и апелирам да не ја злоупотребувате конструктивноста на опозицијата. Имајте на ум дека ова сепак е историски чин.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали ова е доволно за сите други реплики.

Значи ќе почнеме со класикава што ја имаме во Парламентов.

Повелете господине Крстевски, имате реплика.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Јас станав да реплицирам на изјавата на господинот Жерновски дека јас како пратеник денес сум се изјаснувал за декларацијата, а дека јас всушност сум бил за тоа Македонија да не влезе во Европската унија.

Господине Жерновски денес имате прилика и за Декларацијата разговарате како дел на заслугите што и јас како министер за европски интеграции го направив во периодот од 2000 до 2002 година. Историја и тогаш беше да се преговара со Европската унија, први во регионот да ја потпишеме Спогодбата за стабилизација и асоцијација. На повеќе од половина документи стои мојот потпис и јас ова како лична навреда го доживеав.

Тоа што јас јавно дебатирав, за тоа како во процесот на европската интеграција Македонија треба да ги исполнува условите и што Европа од нас бара тоа е прашање кое треба постојано да биде отворено и секој од нас да не загрижува, ако оценките на Европската комисија, на Советот на Европа, на Парламентот на Европа, бидат пониски од тоа што ние како цел сме си го поставиле.

Би било доблест, или да се извините, или да кажете дека таа реченица ви избега во контекст. Инаку ќе ја сватам само како лична навреда.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Сосема јасно да ви соопштам нешто што се обидовте да го извртите.

Вие јасно пред целата македонска јавност рековте дека е рано да аплицираме. Денес ја поддржувате Декларацијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Кедев имате три минути реплика.

САШКО КЕДЕВ:

Почитуван господин претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Немав намера да зборувам по повод Декларацијата, меѓутоа, некоректно би било да остане македонската јавност недостојна за одговорот што го заслужи почитуваниот колега кој беше претходен дискутант.

Инаку јас го пренесувам мојот личен став и мислам дека е став на нашата пратеничка група и став кој што го слушнавме како делегација во Брисел, има доста присутни овде што беа во таа делегација, дека историскиот момент во Република Македонија, во однос на евро интегративните процеси, беше моментот во јуни 2001 година, со потпишување на Договорот за стабилизација и асоцијација. Тоа беше конкретно кажано со тие зборови дека тоа беше историскиот момент. А моментот и оптималниот тајминг за наше аплицирање, мислам, исто така беше многу коректно кажано и не е во ред да се вади од контекст изјавата на госпоѓата Дорис Пак, во однос на нашата апликација. Овде се присутни поголем број од Комисијата за соработка со Европскиот Парламент и не е коректно да се злоупотребува. Јасно и децидно беше кажано, исто така и од господинот Прибе, претставникот на Европската комисија за Западен Балкан, во однос на нивниот пристап за сегашниот тајминг за наша апликација. Ова е многу важно, македонската јавност да ја има реалната слика пред себе, што значи овој свечен чин. Меѓутоа не е историски чин.

Ова е свечен чин каде ние како држава аплицираме. Меѓутао каде е образложението за нашата иницијатива за поднесување на декларација.

Нашата интенција беше конечно Владата да премине од декларативното, на суштинското. Бидејќи, ако добро ги анализирате сите активности во изминатиот период, ќе видите дека тие се сведени на декларативни активности и ние немаме ниеден конкретен чекор напред. Беше отворено кажано во Брисел, а мислам дека и тоа многу коректно, дека нашиот фокус на сите активности треба во моментов да биде приоритетот насочен кон извршување на обврските кои заживуваат дури сега со комплетното потпишување односно ративикување на Договорот за стабилизација и асоцијација.

Уште еднаш повторувам, ние Владата безрезервно ќе ја поддржиме во сите принципиелни и конкретни активности, меѓутоа, не во декларативни активности. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута господине Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Благодарам на коментарот на почитуваниот колега, повторно сликата и тонот се сосема различни. Јас ве замолувам од името на граѓаните она што го говорите дома, да го говорите и надвор.

Второ, ви велам, а знаете и самите, сите имаме средби со странски дипломати, министри и тн., секој зборува за Рамковниот договор. Оваа ваша декларација значи дека ќе го прифатите Рамковниот договор и документите што доаѓаат овде во Парламентот виза ви Рамковниот договор.

За крај, ве уверувам најколегијално дека вашата изјава дека Европарламентот, секој европарламентарец нема да ни даде поддршка, не и помага на Република Македонија  и одмага на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Груевски Никола, а нека се подготви пратеникот Лилјана Ивановска.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитуван господине претседател на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Јас би сакал денеска да го изразам моето големо задоволство што конечно после речиси два месеци исчекување оваа декларација што претставува сигурна препорака до Владата да аплицира во Европската унија, конечно се наоѓа на дневен ред на Собранието на Република Македонија. Како што можеме да видиме од расположението на пратениците, таа денеска треба да биде прифатена.

Јас сум горд и задоволен што ги доживуваме моментите во кои што Република Македонија се повеќе и повеќе размислува и работи на влезот на Република Македонија во Европската унија и во НАТО, па денеска конкретно зборуваме за Европската унија.

Ако на историската ВМРО предизвикот беше самостојна, независна и автономна Македонија, денешниот наш предизвик е Република Македонија како стабилна држава, како држава во која што економскито стандард е многу повисок од денешниот, во постоечките граници да стане дел од Европската унија, дел од големото европско богато семејство, семејство на развиени држави во Европа. Тоа е нашиот предизвик и со усвојувањето на оваа декларација, всушност, сите е застанеме зад овој предизвик, без разлика кој е денеска на власт, кој е во опозиција и кој утре ќе биде на власт, а кој ќе биде во опозиција.

Мислам дека голема придобивка за Република Македонија, за овој Парламент, за оваа власт денеска и за сите нас, е тоа што оваа декларација е поднесена токму од најголемата опозициона партија во Република Македонија, од ВМРО-ДПМНЕ и дури беше вршен притисок да се стави на дневен ред и да биде прифатена од Парламентот на Република Македонија и во одреден рок Владата да достави апликација во Европската унија. Тоа значи многу повеќе и е многу посилно од било чие присуство во нечија канцеларија и пред неколку камери.

Почитувани пратеници, слушнавме дека се правени некакви анкети, за да се испита јавното мислење на граѓаните за влезот во Европската унија односноза поднесување на апликацијата за влез во Европската унија. Сосема е јасно дека граѓаните го поддржуваат ова, без разлика што анкетата не била, како што спомна почитуваната пратеничка, извршена на научна основа. Тоа е така, затоа што граѓаните очекуваат крупни промени во Република Македонија, крупни реформи, реформи во областа на економијата, подигнување на животниот стандард на граѓаните, подобар живот, реформи во областа на образованието, крупни реформи во областа на образованието. Реформи во областа на здравството, на одбраната и тн., всушност, борбата за влез во Европска унија е борба за развој на Република

Македонија. Јас така го разбирам тоа. Наредните години кога ние ќе треба да ги исполниме стандардите за влез во Европската унија, да ги исполниме стандардите, со кои што ќе станеме атрактивни и ќе дојдеме на ниво, на кое што Европската унија ќе сака да не прифати како полноправна членка. Всушност, треба да бидеме држава, која што ќе треба да биде многу повеќе развиена, со многу подобри решенија во многу области во Република Македонија, практично, во сите области. И, тоа е главната борба. Токму заради тоа, за да се изврши еден посилен притисок на Владата, на секоја влада, на оваа сега и на секоја понатаму, ВМРО-ДПМНЕ цврсто инсистираше и покрај одредени укажувања надвор дека е рано за апликација, дека треба да се почека и да се поработи уште на неколку планови. Токму заради тоа, заради додатен стимул, заради додатен притисок на секоја влада од денес па натаму, ВМРО-ДПМНЕ инсистираше на што е можно побрзо поднесување на апликација на Република Македонија за влез во ЕУ. Така што, целокупното прифаќање на граѓаните на Република Македонија  значи очекување, крупно очекување од Владата за крупни промени, крупни подобрувања кон подобро, кон поубав живот, кон поквалитетен, кон побогат живот во Република Македонија, се разбира и кон стабилност и кон сите други области во државата. Меѓутоа, треба да бидеме свесни дека на тој пат има многу предизвици, има многу искушенија. Пред малку некој пратеник кажа дека опозицијата од сега натаму треба да си го знае редот и ги прифаќа сите предлози на Владата поврзани со влезот во ЕУ. Ние, секако дека се што е квалитетно, се што е добро направено, се што значи развој на државата во иднина ќе го прифатиме. Ако погледнете во минатите седум-осум месеци, ќе видите дека повеќе од половината акти поднесени од Владата, опзицијата гласаше за. Така ќе биде и во иднина, во оние моменти каде што ќе имаме квалитетни предлози. Не очекувајте таму каде што ќе има лоши решенија, решенија со кои што граѓаните ќе добијат една полоша ситуација во Република Македонија. Таму каде што има подобри решенија, прифатливи за ЕУ, прифатливи за нашиот развој, таму ќе поддржиме. Меѓутоа, генерално, секаде онаму каде што е потребно и нужно да се повлече чекор, со кој што Владата ќе направи прогрес во Република Македонија  и прогрес на патот кон ЕУ, ВМРО-ДПМНЕ, без разлика во која позиција ќе биде, тоа ќе го прифати.

Она што е многу важно за иднината на државата по поднесувањето на оваа апликација, е голема одготовка на државните органи. Таа подготовка ја има и сега,

меѓутоа, уште позасилена подготовка и работа на сите реформи во сите сектори во Република Македонија.

Потребни се големи вложувања во образованието, потребен е дополнителен значаен број на стипендии на млади студенти, постдипломци, на млади кадри во Република Македонија на најпрестижните универзитети во Европа, заради тоа што само со такви квалитети и само со крупни знаења и способни луѓе, кои што можат да повлечат многу повеќе, ние можеме брзо да го изодиме патот до влез во ЕУ, односно брзо да ја придвижиме Македонија кон една демократска и многу развиена заедница, најразвиена заедница на овој континент.

Потребни ни се атвининг програмите, за кои што година и три месеци само зборуваме, а ништо немаме на дело. Потребни ни се искуствата од другите држави. Погледнете што се случубваше со Хрватска. Пред две години ја поднесе апликацијата кога беше тотален аутсајдер, кога практично ја имаше сличната ситуација како Република Македонија денеска. На секоја врата им кажуваа почекајте, не брзајте со апликацијата. Веќе за две години и тоа неполни две години, а во тоа се уверив кога последниот пат го посетив Брисел официјално со партиската делегација, веќе во секоја канцеларија се зборува дека Хрватска со сигурност може да се каже го фаќа возот во 2007 година за приклучување во ЕУ, заедно со десетина други држави, кои што во 2004 и 2007 година ќе станат полноправни членки на Европската унија. За две години расположението во оваа држава е драстично променет. Нивните шанси се огромни. Можеби тоа веќе не е официјално кажано, но во сите канцеларии во Брисел веќе се предвидува дека е сосема извесно, тоа е многу значаен момент, дека Хрватска ќе стане полноправна членка во Европската унија. За две години Владата успеа да направи пресврт во размислувањето на европарламентарците и на главните функциониери во Брисел и во Европската унија. Тоа треба и ние да го направиме. Кога Република Македонија ќе стане членка на Европската унија, најмногу ќе зависи од оваа Влада денеска, од почетоците, од првите импресии што ќе ги оставиме, од брзината на реформите што ќе ги направиме во првите година-две во Република Македонија.

Конечно, кога зборуваме за патот за влез во Европската унија, има едно неодминливо прашање што практично го имаат сите држави кога се на патот за Европската унија, кога го започнуваат и формално со апликација, подготовката за влез во Европската унија, а тоа е укинвуањето на шенгеј визите. Три или четири месеци во овој Парламент се избегнува на дневен ред да се стави информација до

каде е Република Македонија  со подготовката на шенгеј визите. И порачувам на Владата во оваа прилика максимално да се заложи да им овозможи на граѓаните на Република Македонија, да се укинат шенгеј визите затоа што тоа во голем дел, во огромен дел зависи од она што ќе го направи Владата во неколку сегменти, три или четири сегменти кои што ги има наложено Европската унија. Тоа го направи Бугарија, тоа го направи Романија, тоа го направија многу држави и нивните граѓани веќе немаат такви тешкотии за патување во Европската унија. Ние се бориме да станеме членки во Европската унија, а нашиот граѓанин тешко може да отиде на лечење во Европската унија, тешко може да отиде на образование во Европската унија, тешко може на крајот на краиштата и политички да ја посети Европската унија. Владата мора максимално како еден од главните приоритети да го направи и да ги преземе чекорите, она што треба Владата да го направи, она што е нејзин дел, потоа доаѓа делот на политичка одлука на Европската унија за укинување на шенгеј визите. Затоа, не треба бегање и од ова прашање, не треба бегање и од оваа точка, без разлика на која позиција сме, без разлика колку се изработило во претходните година-две, ние треба да направиме една почетна линија, да си зацртаме точен датум до кога ќе ги завршиме активностите потребни за Европската унија, да размисли, да донесе политичка одлука за укинување на шенгеј визите. Ние мораме како граѓани да се чувствуваме дел од Европа, за да можеме да аплицираме и реално граѓаните да почнат да се чувствуваат како дел од Европа и чекорите и активностите на сите граѓани во Република Македонија да бидат во тој дух.

Она што би го спомнал за крај дека Република Македонија, пред се, тоа треба да го направи Владата во дослух, да речеме, во согласност на некој начин со опозицијата, бидејќи е национален интерес, треба да си одреди рок, во кој што ќе ги заврши сите активности и сите реформи потребни за влез на Република Македонија во Европската унија. Дали тоа ќе биде четири години, дали ќе биде пет или ќе биде седум, тоа е работа за која што треба да се договориме однапред, нормално,  тоа не е рокот во кој што Европската унија ќе не прифати, но тоа е рокот кој што ние треба да си го зацртаме, за да ги завршиме поголемиот дел од активностите што се потребни и мерливи при влезот во Европската унија. Влезот во Европската унија е мерлива категорија. Имаме точно одреден број а нешта што треба да ги завршиме, за да имаме можност политички да се донесе одлука, дали тоа ќе биде веднаш откога ќе ги завршиме работите или подоцна за влез во Европската унија.

Тоа е она што сакам да го порачам и уште еднаш ми е задоволство што оваа декларација ја поднесе ВМРО-ДПМНЕ, на некој начин наидува на согласност со целиот Парламент и се надевам дека Република Македонија во брзо време во сегашните граници, како постабилна, побогата и поразвиена држава, ќе стане дел од Европската унија. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Груевски.

Повелете госпоѓо Ивановска, а нека се подготви пратеникот Елеонора Петрова Митевска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам претседателе,

Ппочитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Најнапред од моето излагање сакам да го истакнам моето задоволство за поддршката на декларацијата за членство во Европската унија и да истакнам дека процесот на приближување кон Европската унија не почнува од составот на овој Парламент, ниту почнува од оваа Влада, ниту пак ќе заврши во овој соста, ниту пак ќе заврши со оваа Влада.

Процесот на приближување кон Европската унија, претставува процес кој што е трае и кој што ќе зависи најмногу од политичката волја на сите нас и напорите кои што ќе ги вложиме во спроведувањето на реформите, потребни, ќе истакнам, пред се, заради самите нас, заради граѓаните на Република Македонија. Нема да зборувам за политичкиот консензус кој што го постигнавме во Собранието, би сакала околу многу прашања кои што ги тангираат сите граѓани на Република Македонија да постигнуваат политички консензус заради важни прашања, заради развојот и побрзо приближување кон Европската унија.

Сакам да го истакнам политичкиот момент и реалноста во која што се поднесува оваа декларација за членство во Европскат аунија, а тоа е завршената ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, која што беше потпишана од претходната Влада. Затоа, го истакнав посебно моментот на процесот на континуитет на приближување кон Европската унија и тоа не е привелегија ниту

на една политичка партија, туку тоа е еден национален проект околу кој што градиме постојано консензус и треба и понатаму така да се однесуваме.

Со завршената ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, постои предизвикот и можноста за вложување на Владата за искористување на Договорот  за стабилизација и асоцијација максимално. И овде посебно ќе ја истакнам парламентарната димензија, со формирањето на посебен комитет за соработка со Европскиот парламент и Република Македонија, кој што досега беше цел за Југоисточна Европа.

Исто така, во политичката реалност сакам да истакнам заминувањето на Конкордија и присуството на Проксима од аспект на завршување на процесот на стабилизација и почнување на процесот на асоцијација. Значителното подобрување на безбедносната состојба во Република Македонија.

Ова е период после Самитот во Солун и Агендата во Солун, каде што јасна беше пораката дека Западен Балкан претставува приоритет на политиката на Европската унија. Исто така, сакам да ја истакнам и недвосмислената поддршка на Европската унија, која што во изминатата година беа испратени пораките до Македонија. Тоа беше говорот на господинот Проди во февруари, во истиот овој Парламент, каде што беа јасни пораките за перспективите и тоа  пред одржувањето на Самитот во Солун. Исто така, инспиративниот говор на претседателот на Европскиот парламент Пад Фокс во октомври, за кој сите добро се сеќавате, не беше многу одамна, каде јасни и гласни беа пораките на Република Македонија, особено фигуративното изразување на звездите на знамето на Европската унија, 12-те звезди, дека тоа е отворен круг за сите земји кои што се во Европа. Тоа е околу реалноста.

Периодот кој што следува, многу колеги зборуваат за обврските, кои што ние како пратеници, политичката одговорност што треба да ја прифатиме во процесот кој што е пред нас. Периодот кој што следува е период на обврски на Република Македонија  што треба да ги одработи и период на поголема динамика на остварување на тие задачи. Притоа, на тој пат, не треба да ги заборавиме темелните вредности на Европската унија, а тоа е владеењето на правото, демократијата, човековите права и слободи.

Во делот на подршката исто така сакам да ја истакнам заедничката изјава која што двете делегации за соработка со Европскиот Парламент и Македонскиот, кое што посебно беше експлатирано во изминатиот период, на мое жалење на еден

негативен начин  и на одредени членови на делегацијата ќе ја истакнам подршката што Европскиот Парламент ја даде за членството на РМ во ЕУ и тоа точка 19 и 20. Ќе цитирам.

Во точка 19 - двете делегации ја повикаа македонската Влада врз основ ана Копенхагенските критериуми за членство во ЕУ и натаму да ги развива административните структури со цел да се забрза процесот на интеграција во ЕУ.

Точка 20 - двете делегации ги поздравија заедничките аспирации и подршка на политичките партии и населението на земјата за членство во ЕУ, за што доказ претставува усвојување од страна  на макеоднското Собрание на Декларацијата за улогата во процесот на стабилизација и асоцијација.

Моето излагање ќе го завршам со големата изјава на г-динот Адем Ауер, кој што кажа “обединета Европа за малкумина беше сон, за повеќемина беше надеж, а за сите нас денес претставува нужност”. Заедно со Шуман, Де Гол свртеа грб на старата Европа и отворија една нова историја на обединета Европа. Затоа сите ние овде во Македонија треба да свртиме грб на нетрпеливоста , омразата и да отвориме нова страница на политичка толеранција, на меѓусебна доверба во интерес на градење на една  просперитетна Македонија која што сите граѓани на РМ ја заслужуваат и сите ние им ја ветивме.

Пратеничката група на ЛДП со задоволство ја подржува оваа декалрација и со своето однесување максимално ќе се вложи во овие приоритети на РМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Елеонора Петровска-Митевска, а нека се подготви пратеникот Иљаз Халими.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВСКА-МИТЕВСКА:

Благодарам г-дине претседател,

Почитувани колешки и колеги пратеници во една прилика кога донесувавме една друга декларација јас реков дека  во секоја  прилика кога станува збор за декларација која што треба да ја донесе Парламентот треба да има свечен карактер, свечен тон, дискусиите треба да одат во афирмативна насока и дека во таква насока треба да бидат сите дискусии и на крајот да завршиме во една таква атмосфера.

Овој пат повторно ни се случи да немаме цело време во траењето на дискусиите таква атмосфера, меѓутоа се надевам дека ќе завршиме со таков тон,

афирмативен, позитивен и свечен затоа што навистина ова што денес се случува ќе биде еден од  воведите или од моментите кои што ќе треба да ја подржат нашата апликација, или ние си имаме убав збор - барање за членство во ЕУ Што ќе го поднесеме кон крајот на февруари оваа година.

Значи бидејки беше кажано од  поголем број дискутанти дека кон оваа апликација или барање за членство во ЕУ сме го постигнале консензусот на сите парламентарни апртии дека сме го постигнале консензусот помеѓу сите политички партии во РМ дека го имаме консензусот со сите граѓани на РМ треба да кажеме само неколку битни моменти, а тоа е што досега е направено и што треба да се направи.

Некој од претходните говорници кажа дека апликацијата ни треба веднаш и сега. Јас би рекла дека ни треба апликација без алтернатива. Нема друга алтернатива на апликацијата што сега треба да ја поднесеме. Зошто? Затоа што скоро по правило во најголем број земји кои што ги поднеле апликациите поминале 10 години до нивното членство во Унијата. Ова е вистинскито момент кога РМ треба да ја поднесе апликацијата. Нема да ги користам примерите кои што беа кажани, меѓутоа да ги користиме нашите соседи или другите европски земји кои што се во процесот на приближување кон ЕУ, меѓутоа сите оние коишто беа во фаза на поднесување на апликација во 1990 година од средината до крајот тие веќе се на вратите на ЕУ или стануваат членови од  1 мај оваа година. Значи, ова е вистинското време и нема потреба да се одолговлеквуа бидјеки ако сега не ја поднесеме ние ќе бидеме закаснети за секаква можност понатаму да влеземе во некој реален простор и време во ЕУ.

Нашата цел е во поднесвуањето на барањето за членство во ЕУ покрај другите земји кои што треба тоа да го направат наскоро, до 2020 или поскоро да се заложиме да бидеме дел од онаа идеја која што треба да се оствари, а тоа е до 2020 или до 2025 година сите земји членки на Советот на Европа да бидат членки и на ЕУ. Значи во таа заложба мислам дека ние ќе бидеме една деценија понапред. До 2020-2025 година тој корпус на држави треба да влезе во ЕУ. Ние сме пред многу држави во Европа кои што се членки на Советот на Европа и имаме право со поднесување на апликацијата сега да станеме членка на една деценија.

Што сме направиле? Беше ратификувана Спогодбата за стабилизација и асоцијација, што е многу значајно за нас. Во процесот на транзиција сме повеќе од една деценија и тоа е една значајна деценија од која што имаме искуство како треба

да се работи. Скоро 15 години сме во процесот на транзиција. Политичката стабилизација на земјата е во нагорен тек, безбедноста на земјата во нагорен тек, што значи дека условите кои што ние ги имаме за поднесување на барањето за членство во ЕУ ги имаме. Не мораме да сметаме дека треба да имаме незнам колку завршени обврски во процесот на пристапувањето со барањето во ЕУ бидејки голем број земји кои што сега ќе станат членки, на 1 мај 2004 година сеуште имаат обврски кои треба да ги изработат или да ги подготват.

Оние земји коишто се во процесот на приближување кон ЕУ и кои што треба да станат членки во 2007, 2008, 2009 година се судруваат со голем број проблеми, дури поголем број проблеми отколку што ние се судруваме.

Ние знаеме и свесни сме дека ни претстојат голем број на реформи во образование, здравство, одбрана, знаеме дека ни претстојат реформив о администрацијата, знаеме дека ни претстојат реформи во законодавството, ни претстои хармонизација на законодавството со законодавството на ЕУ, меѓутоа сето тоа се работи кои што треба да се работат во од, бидејки голем број од земјите, не само апликанти, туку земји кои што се на вратите на ЕУ ги имаат овие проблеми или имаат проблеми кои што се поголеми од нашите. Затоа треба да бидеме храбри. Не треба да не плашат проблемите или обврските со кои што ќе треба да се судриме, бидјеки тоа ќе не тера напред во процесот на приближување до ЕУ.

Како пратеник во Парламентот на РМ кој што треба да ги изрази желбите на граѓаните на РМ за пристапување односно за поднесување на барање за членство во ЕУ мислам дека нашето место е токму таму, не смао заради тоа што токму географски РМ се наоѓа во Европа, туку заради тоа што нашата култура е сврзана нераскинливо со културата на Европа. И не само заради тоа што имаме заедничко минато, туку заради тоа што сметаме дека треба да имаме заедничка иднина. Во името на таа заедничка иднина ја подржувам апликацијата и декларацијата за пристапувањето кон ЕУ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Петрова.

Повелете господине Халими, а нека се подготви пратеникот Теута Арифи.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитуван господин претседателе, почитуван минситер, почитувани колеги пратеници,

Предлог декларацијата со која се бара забрзување на зачленувањето на РМ во ЕУ принципиелно нема ништо спорно. Оваа определба е од порано. И во претходниот парламентарен состав постоеше консензус меѓу политичките партии во Македнија за зачленување во ЕУ и во другите евроатлански структури.

Врз основа на една ваква определба помеѓу РМ и ЕУ беше постигната Спогодба за стабилизација и асоцијација која што беше ратификуван аод сите парламенти на земјите членки на ЕУ.

Од моментот на декалрирањето на нашите раководители дека Македонија во иднина сака да стане составен дел на ЕУ таа врз себе презеде голем број обврски. Јас не сакам да ги спомнам сите, но од значење е да се знае колку од тие услови се исполнети. Значи, се поставува прашањето колку РМ или Владата и другите државни институции работеле во исполнвуањето на тие обврски во реалност, иако се вели од нашите раководители дека се направени многу работи во овој правец фактите зборуваат дека има големи заостатоци. Не е доволно само да се каже дека се постигнати резултати во реформит екои што се направениво војската, во администрацијата, во судството, во борбата против организираниот криминал, имплементирањето на Охридскито договор ит.н., тоа да се земе како основа дека Македонија ги исполнува условите за зачленување во ЕУ и во НАТО.

Исто така не е доволно само да се донесуваат закони кои ги бара ЕУ туку од значење е колку и што содржат тие закони и колку се остваруваат во практика. Имаме голем број на закони кои што се усвоени повиквуајки се на Охридскиот договор, се разбира со цел за подобрување на статусот на албанците и решавањето на проблемите со кои тие се соочуваат, но праксата го покажа спротивното.

Колку е направено сериозно во овие сегменти е многу јасно. Една ваква работа не може да се зашоботи. Ова го знаат и претставниците на ЕУ бидејќи тие одблиску ги следат сите активности кои што се однесуваат на реформите во нашата држава. Ние нив не можеме да им ги затвориме ушите и очите за да не слушаат и гледаат што се прави во оваа насока. Значи во исполнувањето на обврските, така што за да се направи се тие бланкода ни веруваат и да не зачленат. Сите овие случаи кои што ги спомнав навистина е направено многу малку, или пак воопштоне е направено. Како пример ќе ги земеме реформите во Армијата на РМ , кои што од страна на министерот за одбрана со помпезност се презентираа како успешни. Фактички ова Министерство е многу далеку од постигнувањата на реформите кои што се бараат во македонската армија. Ова најдобро пред неколку дена го

потенцираше Амбасадорот на НАТО гиднот Николас Бигман кога рече дека Македонија на наредниот самит на НАТО, што ќе се одржи во јуни годинава во Истамбул доколку сака да се кандидира за кандидат треба да направи нешто спектакуларно во макеоднската армија, бидејки инаку членството ќе се одолжи.

Исто така се случува и со борбата против корупцијата и организираниот криминал бидјеки нема никаков напредок. Напротив оваа појава се зголемува. Дури со реформите во судството немаме никакви прогреси. Секој ден гледаме и слушаме афери, а ова е последица од она што судството не треба да биде под влијание на Владата. Значи да не биде партизирано. Сведоци сме за именувањата во судството што ги прави СДСМ со своите партнери во коалицијата.

Освен тоа што гореков како најголема забелешка што и се дава на оваа власт или на оваа Влада е зголемувањето на невработеноста. И покрај помпезноста и најавите и ветувањата што се дадоа од страна на оваа коалиција дека овие прашања ќе се решат и ќе бидат од првостепено значење ништо не е направено на овој план. Она што загрижува во државата и надвор е неостварувањето на Охридскиот договор и Уставот во онаа мерка како што вети оваа валст.

Охридскиот договор се постигна за да се попречи војната со гаранции дека ќе се зголеми статусот на албанците во државата, но во овој период имаме назадување. Примерите се многу. Сеуште имаме проблеми со употребата на албанскиот јазик  бидејки сеуште се инсистира да не се третира како втор службен јазик во Македонија и покрај тоа што го има статусот спроед Уставот. Не се почитува амнестијата на бившите војници на УЧК. Тие и членовите на нивните семејства немаат никакви бенифиции како што ги имаат припадниците на членовите на безбедносните сили на Макеоднија и членовите на нивните семејства.

Продолжуваат кршењата на човековите права од самите институции на оваа држава како што е Министерството за внатрешни работи и т.н., за кое што најдобро зборува последниот Извештај на Хелсиншкиот комитет во Македонија.

Имајки ги предвид сите овие податоци и многу други кои што се познати, неслучајно Брисел порача дека е многу рано да се аплицира за зачленвување во ЕУ. Токму поради тоа што го реков од ЕУ бараат авторитетите во Македонија да се воздржат од идејата во февруари да аплицираат за зачленвување во ЕУ.

Да се аплицира е најлесна работа. Ова не бара повеќе од неколку страници текст напишан со образложение дкеа Македонија ги исполнува условите за зачленување во ЕУ, но пред да се реши да се аплицира имајки ја предвид реалната

ситуација што ја имаме треба да се има предвид каков одговор ќе добиеме. Евентуално негативен одговор за Македонија ќе биде голем неуспех на дипломатски план и одговорноста се разбира паѓа на оваа Влада.

Доволно е да се сетиме на декаларациите на претставниците на ЕУ, особено на госпоѓа Дорис Пак, прв човек на Комисијата на Европскиот Парламент, која што е задолжена за соработка со Македонија каде што вели, цитирам: “треба да бидете многу внимателни. Луѓето ќе се сеќаваат дека сте многу блиску до ЕУ, но вие всушност сте многу далеку од неа”. Ова кажува дека Македонија е далеку од зачленувањето во ЕУ. Да не заборавиме дека Дорис Пак има големо влијание во врска со донесувањето одлука, без оглед што госпоѓа Шекеринска, која што не е тука, потпретседател на Владата во својата изјава пред неколку дена во врска со изјавата на Дорис Пак ја третираше како без некое влијане во однос на апликацијата на нашата држава. Како што вели госпоѓа Шекеринска се поставува прашањето зоштопред неколку дена слушајки ја изјавата на Дорис Пак ургентно од овој Парламент во Виена заминаа господин Иван Анастасовски и Ѓорѓи Оровчанец за да се сретнат со Дорис Пак.

Овие забелешки на претставниците на ЕУ треба да се земат сосериозност. Македонија има уште еден хендикеп, бидејки од неа се бара да се најде држава спонзор која што ќе лобира за зачленување во ЕУ. Таа сеуште тоа не го направи, не ја најде земјата спонзор. Значи не ја обезбеди.

На крајот сакам да нагласам дека без оглед на тоа дека сите сме за зачленвуање на Македонија во ЕУ со ова не треба да бидеме само задоволни и дека целата работа е завршена. Само преку декалрации и изјави на политички партии, здруженија, или најголем број на граѓани дека Македонија треба да аплицира не можеме да создадеме убедување кај ЕУ дека ЕУ ги исполнува условите за зачленвуање во ЕУ.

Значи ова нема никакво влијание на расположениeто на нив. Тргнувајки од ова уште еднаш ќе нагласам дека какоПарламент и како Влада и другите државни институции кои треба да ги извршат своите работи и обврски без некое тактизирање, бидејки вака како што одат работите мислам дека само го оддолжуваме нашето зачленување во ЕУ. Вистинси резултати кои што ќе ги покажеме се тие кои што ќе влијаат кога треба да поставиме апликација до ЕУ. Секој обид на нашите раководители за да се убедат дека реформите во Македонија одат во однос на стандардите што ги бара ЕУ може да биде навистина безцелно.

Уште е еднаш потенцирам дека не е вистина дека од целосната реализација на Охридскиот договор останале само уште три закони кои што се поврзуваат со децентрализацијата на власта. Не треба да се заборави дека без да се усвојат остана и законот за употреба на јазикот и употребата на симболите. Покрајовие закони треба уште еднаш да влезе на ренген на Владата и на Парламентот, ако можам така да речам уште голем број закони коишто се усвоени, бидјеки за нив се вели дека произлегуваат од Охридскиот рамковен договор, но вореалност од содржината тие не коренспондираат со Охридскито договор и уставните амандмани.
До колку уште еднаш не направиме критички осврт на досегашната работа, која што се поврзува со стандардите кои треба да ги исполни Македонија и доколку со најголем интензитет и сериозност не работиме за исполнувањето на нашите обврски, ние ќе останеме само на манифестирање на желбата за зачленување во ЕУ. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Халими.

Господине Жерновски имате реплика, повелете.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Јас сакам да излеземе од оваа трагикомична ситуација да ја замолам опозицијата да се договори, дали сака да ја поддржи Владата во апликацијата, или не.Бидејќи овдека веќе незнам од опозицијата кој што бара и
Второ да ја замолам дежурната првоборка од ВМРО-ДПМНЕ, дали беше ова политички маркетинг или не. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Халими повелете.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Господинот Жерновски до колку мисли она што го кажав и што е поврзано со предлог Декларацијата за аплицирање во ЕУ е политички маркетинг, мислам дека грешите. Вие кажете ми што има спорно во сето тоа што го кажав. Барем дајте ми еден аргумент дека тоа не е така, или пак нешто друго што имам кажано не е така и кажете ми го вашиот коментар. Сето тоа што го кажав, тоа е реалното огледало,

претстава во Македонија. Вие не сакате да го реализирате Охридскиот договор, ниту Законот за амнестија, ниту работите за намалување на невработеноста во насока на зголемвуање на платите на вработените во образованието, давање на К-15, тринаесетта плата, кои што редовно ги земаа во времето кога ДПА беше на власт. Да не зборуваме и за други прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:
Повелете г-ѓо Теута Арифи, а нека се подготви пратеникот Љубисдав Иванов-Ѕинго.

ТЕУТА АРИФИ:
Почитуван претседател, почитувани претставници на Влада, почитувани пратеници, Парламентарната група на ДУИ ќе ја подржи Декларацијата за апликација на нашата држава за зачленување во ЕУ. Ние сметаме дека усвојувајќи една ваква декларација на консензуален начин се изразува жлбата на сите политички субјекти од позиција и опозиција за поднесување членство и за станување на рамноправен член на европското семејство. Европскиот пат, патот за изградба на европски вредности е долг пат, како што беше долг патот и на самите европеј ци за да станат тоа што се, значи ЕУ. Како што беа големи и предизвиците и битките на европејците, да се наддминат несогласувањата , диктатурите и заменувајќи ги нив со економски развој, демократски развој, граѓанска рамноправност, правата на луѓето и високи европски вредности.
Почитувани колеги, обединета Европа е политички идеал и инспирација на ДУИ. Европската идеја за изградба на една политичка заедница е перспектива која што е единствена за овој регион, идеја која што се воздигнува над малите идеи за изградба на минорни вилаети. Оваа е идеја која што нуди ширина на демократијата за развој, против малите политички идеи за поделби и ограничувања кои што сме ги слушнале овде.
Почитувани пратеници, сакам да нагласам во оваа прилика дека и апликацијата за зачленување е само почеток на долгиот пат за изградба на нашата Европа. Сакам да нагласам дека за да се стане Европа не е доволно само декларативен израс на политичката волја, туку конкретна работа за реализација на обврските како сериозни политички субјекти. Јасната порака која што сме ја добиле од европските институции е дека патот за Брисел поминува преку Охрид. Затоа потполна реализација на Охридскиот договор, како мировен договор, реализација на реформите во

администрацијата и во државните институции е наша задача кон патот на Европа и се надевам дека предлагачите на декларацијата силно ќе ги бранат вредностите на Охридскиот договор, во текот на парламентарните расправи, затоа што тоа е наш пат кон Европа. Зачленувањето во ЕУ зависи од нас почитувани колеги, а не од институциите во Брисел. Ние ќе бидеме дел од Европа, тогаш кога ќе ги реализираме нашите обврски. Тогаш кога од овој Парламент ќе направиме европска институција. Тогаш кога граѓаните ќе се служат без проблем на разните шалтери. Тогаш кога ќе изградиме високи европски стандарди. Тогаш кога ќе реализираме правична и соодветна застапеност и ќе изградиме економски развој . Затоа почитувани колеги, ние ќе бидеме Европа тогаш, кога Европа ќе ги направиме нашите живеалишта, нашите куќи, нашиот ум, нашите улици и патишта , така како што во Европа ги направија нивните улици и патишта и нивните институции.Декларација со волја, меѓутоа, најмногу соп вредна работа.

Изразувајќи верба дека оваа Декларација ќе произлезе од нашата постојана работа, од нашата постојана ангажираност. Значи ДУИ ќе ја поддржи оваа декларација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓа Теута, повелете г. Иванов, а нека се подготви пратеникот Џевдет Насуфи.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Господине претседателе, другари и другарки,

Имавте прилика да слушнете тука дека Социјалистичката партија на Македонија е за тоа да се поднесе апликација за пристапување на Македонија кон ЕУ, меѓутоа, во исто време има укажано на големиот број пропусти што се направени во овој период од 12-13 години и тоа што треба да се направи, за да објективно се овозможи Македонија да стане членка на ЕУ.

Јас мислам дека така и сите треба да зборуваме и така реално и објективно да размислуваме, затоа што на тој начин навистина и можевме многу порано, а и сега многу побрзо да ја оствариме таа наша желба.

Јас за прв пат вчера се сретнав со оваа декларација, која што ја поднесоа колегите од ВМРО-ДПМНЕ. Веднаш да кажам да имав прилика нешто да влијајам во таа декларација, ќе им предложев прво да покажат еден континуитет на желбите на Македонија за влегување во ЕУ.

Јас мислам дека сме ние една од ретките држави, која за прв пат донесе заклучоци, одлуки, документи. Многу од вас се млади тука, па не се сеќавате, но веројатно, сте прочитале . Нашата определба уште во почетокот на 90-тите години за црвстата определба кон нашето членување во ЕУ и другите институции, НАТО и тн. и оваа декларација требаше да го набележи тој континуитет и тој значаен момент во нашата, да речам, краткорочна историја.

Вториот момент на кој би укажал да го има декларацијата, тоа е единствениот проблем кој не спречува за влегувањето во ЕУ. Се се сведува на еден проблем. Проблемот е во економијата. Економски проблем. И ќе беше добро во декларацијата да стоеше дека Собранието ја задолжува Владата под итно да пристапи кон разрешување на проблемите во економијата. Тоа што е речено дека ќе ги исполнуваме стандардите и вредностите, тоа се декларативни работи и од тоа се сите сити и ние и Европа. Практично се се сведува на тој проблем. Ние не можеме да влеземе во таа Европа ако немаме реформирано здравство, а неможеме да издржиме реформи, ако немаме развиена економија, ако немаме огромно производство, големи приходи. Ние не можеме да влеземе во Европа ако не спроведеме реформи во здравството. А какви реформи ќе спроведеме и ги спроведуваме веќе 13 години, кога за тоа нема елементарна економска база, материјална база. Ние не можеме да влеземе ни во Европа, ни во НАТО, ако немаме реформирана армија. Овде се зборува за тоа. А тоа значи да имаме професионална армија. Како можеме да имаме платена професионална армија, ако немаме развиена економија. Ние неможеме да влеземе во Европа ако немаме реформирани институции во државата. Ако не го елиминираме криминалот, корупцијата, шверцот итн. А праксата покажа дека сите сиромашни земји , практично се оптоварени со овие проблеми, затоа што владее огромна сирумаштија и луѓето лесно се зафаќаат со овие проблеми: и со шверц на дрога, и со проституција, и продажба на луѓе, бело робје итн. Ние никако неможеме да влеземе во Европа ако имаме една таква армија од 400 илјади невработени, затоа што влегувањето во Европа ќе значи огромна миграција. И ние ако тоа не го сфатиме, сега можам да продолжам уште долго да ги набројувам тие причини.

Ако тоа не го сватиме тогаш нема, какви историски моменти, какви чуда, со тоа што ќе поднесеме предлог на декларација со барање да станеме членка на ЕУ. Нема ништо од тоа. Ние мораме да живееме со реалностите и објективностите. Мораме да знаеме што треба да работиме . Ние секогаш со тоа што ќе кажеме дека станавме

добри луѓе, убави , згодни, дека  еве ве сакаме вас европејци . Тие не не примаат таму. Тие тоа не го прават од љубов. Тие го прават само ако сте им вие потребни и ако вие можете да се вклопите да живеете со нив и ако имате такви стандарди и услвои да не им создавате проблеми. Тука лежат сите наши желби и проблеми. Тоа не зависи дали Европа ќе не прием од самата Европа. Исклучиво зависи од нас и исклучиво тоа ние што ќе го направиме. И тогаш, кога ќе бидеме богата земја и ќе бидеме во состојба да ги разрешиме сите овие проблеми, Европа сама ќе понуди да влеземе таму. Дајте во таа насока да победи нашиот разум и нашите сваќања и во таа насока сите да работиме.

Јас ќе ја поддржам оваа предлог декларација и ќе замолам подносителите на декларацијата да го уфрлат овој елемент за решавање, за задолжувањето на Владата за решавање на економските проблеми, затоа што ЕУ тука и најмногу укажа во последно време дека тоа е сериозен проблем во Македонија.

Ќе ја поддржам од причини што секој предлог во таа насока е позитивен. И секое такво настојување, доколку биде прифатено од другата страна и набележани точките, кои што треба да ги исполни оваа  држава, за да може да аплицира кон ЕУ, се еден чекор напред, затоа што сега ќе не натераат енергијата да ја трошиме во насока за која што јас сега  зборувам.

Од тие причини, јас ќе гласам за декларацијата, а и вие еве видовте во претходната фаза се изјаснивте дека оваа намера ќе ја поддржиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Иванов.

Повелете г. Насуфи, а нека се подготви пратеникот Стојан Андов.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Благодарам г. претседателе, дами и господа пратеници,

Се разбира секоја дискусија  која е во однос на евро интеграциите и другите интеграции, евроатлански интеграции, се со посебна тежина за Блаканот и за балканските народи и за сите држави кои што се во транзиција, од причини што сите овие држави и сите овие народи мислат дека во ЕУ ќе ја најдат и безбедноста и економскиот развој и културната интеграција, меѓутоа, и мирот и демократијата.

Од претходните дискутанти и од позиции меѓутоа, и од делот од опозиција, се добива впечаток дека Европа веќе ќе ја имаме тука, меѓутоа, јас не мислам така.

Ја поздравувам коинциденцијата, сигурно не случајно дека Владата сака службено, официјално да аплицира при крајот на месецот, додека во исто време пред неа опозицијата, македонската опозиција поднесува декларација и овде нема ништо лошо.

Меѓутоа, самиот факт на интеграцијата, или на барање на пренесување на проблемите, кои што Македонија ги има во Европа има и своја порака, има и своја цел и ние овде треба отворено да ги гледаме тие прашања со отворени очи.

Всушност Македонија вистина е дека се судрува со проблеми од политичка природа кои што својата етимологија ја имаат во меѓуетничкиот конфликт, Македонија се судрува со развојни проблеми, економски проблеми, Македонија се судрува со тешки социјални проблеми и сигурно за ова сме свесни сите дека можеби степенот на невработеност го имаме околу 50% иако можеби 40%, 45% од способното население тоа се признава како службена цифра. Меѓутоа, Македонија се судрува и со еден висок степен на криминалитет, политички криминалитет и на тој економскиот криминалитет работи кои што се сите како страни тела, странски тела, за Европска Унија. Меѓутоа, најзначајно е тоа дека Македонија своите проблеми, политички проблеми треба секако да ги реши преку Охридскиот договор. Сеуште имаме висок степен на нетолерантност, меѓуетничка нетолерантност. Како можете да оправдате факт да пред мене, пред неколку дена споменаа и другите пратеници од ДПА дека Владата не го признава албанскиот јазик како службен јазик, кога документите ги враќаат во општините, во општина Тетово, само од причина што во прилог покрај македонскиот јазик ги има документите и на албански јазик. Само од оваа мотивација. Мислам нетолерантноста ваква, меѓуетничката нетолератност е една од пречките. Меѓутоа, ние мислиме дека тоа неможе да биде причина да не се аплицира. Високиот степен на невработеност неможе да биде причина да не се аплицира. Високиот степен на криминалност, или на корупција, или на другите криминални девијации неможе да биде причина да не ја усвоиме и декларацијата. Меѓутоа, чувството на одговорност и нашето освестување како политичари треба да биде многу повисоко. Ние иако сите заедно сакаме, овде ја опфаќам и партијата на која што јас припаѓам и ДПА инсистирала и инсистира и ќе продолжи да инсистира да се придружиме на европското семејство. Меѓутоа, претходно ние неможеме да ги импортираме нашите проблеми во Европа, да ги увеземе и дури ако сакаме, Европа нема да ги прими нив. Ние неможеме со стариот балкански багаж да се инсталираме во Европа, во Европска Унија, затоа што Европа не сака такви проблеми. Затоа и ги

подигнала барикадите. Значи, да не се разбереме лошо, од почетокот ДПА на ниеден начин нема да оспори ниеден чекор било и на декларативен начин, било и во форма на апликации, значи нема да оспори чекори кои што ќе бидат во однос на атерирање во Европска Унија. Меѓутоа, одлучно ќе се обидеме посебно Охридскиот договор кој што е еден од основните предуслови да се имплементира на квалитетен начин и да биде процес, постојан процес, процес во кој што во прв ред носи одговорност Владата. Ние повторно ќе повториме, ние ќе ја поддржиме декларацијата, ние не сме против аплицирањето. Меѓутоа, ние сме одлучени, решени во тоа на достоинстен начин, а не со девијации да ги имплементираме и политичките процеси кои што елиминираат меѓуетничка нетолерантност кои што ја подигнуваат добросостојбата на граѓаните кои што ги елиминираат криминалноста и кои што ја развиваат демократијата. Меѓутоа, верувајте дека на овие простори со декади се формулирале, се основале добри заклучоци. Меѓутоа, кога доаѓа имплементацијата, тогаш тука имаме неуспех. Затоа за да немаме неуспех, да имаме предвид дека усвојувањето на оваа декларација и оваа апликација треба да биде една уште повисока одговорност на сите нас, опфаќајќи ја и опозицијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитуван господине претседателе, почитувана потпретседателке на Владата, почитувани колеги и колешки пратеници,

Се покажа од досегашната расправа дека неможе така свечено да мине еден вака значаен акт, се покажа дека ќе мора да се проговори и за тоа како поедини пратеници или пратенички групи ги чувствуваат работите, како гледаат на состојбите, и како гледаат на она што нас не очекува.

Јас мислам дека немаме ние толку причини сега да славиме и ова да биде некоја голема свеченост заради тоа што мислам дека е сосема нормална обврска на овој Парламент да донесе една ваква декларација со оглед на тоа што фактички за месец ипол се наполнуваат три години од потпишувањето на Спогодбата за стабилизција и асоцијација и поради тоа, поради фактот што таа спогодба и за асоцијација ние треба јасно да ги истакнеме нашите претензии и земјата да стане кандидат за прием, за полноправен член во Европскаа Унија. Мислам дека

Парламентот не само преку својата Комисија за евроинтеграции, туку на својата пленарна седница треба почесто да излегува овде со поважни прашања, со декларации, со резолуции, со политичка акција на целиот Парламент за да пробијат вистинските проблеми и вистинските можности да бидат решение тие проблеми до свеста на што поширок слој граѓани, а исто така за да можат да пробијат и да ја прекршат и свеста и кај еден добар дел од оние луѓе што го создаваат јавното мислење, пред се политичарите, но исто така и сите други активисти кои работат на тоа поле.

Господинот Крстевски кажа дека нашата пратеничка група ќе гласа за овој документ со задоволство и со убеденост дека е нужен. Но, мислам дека ние сега овде кога разговараме покрај истакнувањето на нашата општа согласност, на нашиот консензус не е лошо не од некои дневно-политички причини, туку од тоа дека сме свесни што тоа ние денес донесуваме и на што се нафаќама, на што се обврзуваме  да проговориме и барем да ги споменеме главните тешкотии, или проблеми кои ни стојат на пат и кои се поставуваат и како услов за на нашата апликација да и се посвети внимание, а потоа и да и се посвети процесуираност да може да се движи во телата и постапките кои понатаму во Европската Унија стојат.

Сакам да ве потсетам дека без некои други соопштенија и без некои други оценки многу незабележано мина една реченица во соопштението на еден од самитите на Европската Унија, или беше една од седниците на Советот на министрите. Тоа беше неодамна, таму рекоа дека Македонија, дека Советот на министрите, Европската Унија очекува Македонија што поскоро да го заврши мировниот процес. Сакам да ви кажам ние можеме на илјада начини да си ги толкуваме нашите состојби и процесите кои овде владеат, меѓутоа, проблемите што доведоа до Охридскиот договор и Охридскиот договор и она што следува од таму, тие го сметаат мировен процес. Ние тука треба да ги истакнеме резултатите од тој процес кој тече во Македонија. Јас сакам само да ве потсетам дека најважните одредби од Рамковниот договор сега се составен дел на уставниот и правниот систем на Македонија, дека ги донесовме 15-те амандмани на Уставот, со тоа се заврши секоја задача околу Уставот и таму треба да се знае дека секој кој пак нешто покренува фактички го потценува  ефектот и напорите од мировниот процес што оваа земја така болно го доживеа, ама го издржа. Потоа во минатиот состав донесени се 15 закони врз основа на уставните амандмани и врз основа на анекси од Рамковниот договор. Еве, скоро година ипол имаме, иако едно време малку се

изгуби, сепак мислам дека нема ниту блокада, ниту недостасува желба овој Парламент да ги донесе сите и донесува стално сите оние потребни законски акти што се обврска на Парламентот за спроведување на уставните амандмани. Се разбира, во овој Парламент е донесен и еден закон кој е надвор од Рамковниот договор и за кој опозицијата мислеше и мисли дека е направена штета на процесот, меѓутоа, мнозинството одлучи и тоа да се донесе.Тоа е Законот за тетовскиот универзитет. Ние мораме да направиме еден добар биланс и тао јас го заговарав веше во ноември на едни средби таму, Парламентот овде да заклучи со квалификувано мнозинство до каде сме ние со Рамковниот договор, со резултатите од Рамковниот договор, со амандманите. Јас мислам дека тој биланс сега после оваа тура што ќе биде со законите за децентрализацијата ќе биде дефинитивен и позитивен и дека ние ќе можеме да кажеме и на Европа да и соопштиме дека тој мировен процес кај нас е завршен и земјата треба нормално да функционира. Ние неможеме да не истакнеме и една благодарност на Европската Унија, пред се за помошта што ни ја даде. Таа ни даде материјална помош, финансиска, стручна, ни даде помош и со испраќањето на Конкордија овде, без оглед на противречните наши впечатоци и сега мисијата на Проксима кои фактички имаат за цел да помогнат да ги елиминираме сите оние појави на непочитување на правото низ насилство во земјата, без оглед дали се тоа групи, дали се тоа поединци, дали се мотивирани политички, или бандитски и да се сосече секоја политичка поддршка на таквите појави во Македонија. Тоа е по мое мислење и по наше мислење една од непосредните задачи за кои Владата мора да биде дневно ажурна, дневно да известува, дневно да биде ангажирана да нема потези од Владата кои неможат да се објаснат, да не може таа да речеме да влезе некаде, да неможе да уапси насилник, да неможе да го спречи насилникот и тн. Тоа е една од најважните работи што е врзано за тој така да речам прв пакет. Некој може да каже дека тука не уценува Европскаа Унија. Меѓутоа, знаете што, таа не не моли да влеземе во Европската Унија, ние молиме да влеземе во Европската Унија и се разбира таа ќе гледа кои проблеми со нас ги носиме и дали се тие проблеми решливи со инструментите со кои располага Европската Унија, или ќе ги натовариме со такви проблеми што ќе предизвикаат и мултипликација на нивните внатрешни конфликти и пореметувања на нивниот ред, процедура и институционално воспоставена мрежа. Затоа треба сосема сериозно да се однесеме спрема оваа задача. Сакам да ви кажам дека и Партијата ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија и пратеничките групи

на двете партии до крај доследно се на оваа линија и се залагаат за остварување на оваа линија.

Не ги земаме предвид префрлувањата дека нашите критики, забелешки, укажувања се кочење на Рамковниот договор. Тоа апсолутно не е точно. Ние инсистираме само да не се направат грешки во тој процес од некои други користи кои може некој да ги има, дневно политички користи, за да може да се заврши работи на свои партнери и тн., а при тоа последиците да бидат многу големи. Таа линија ние ќе ја задржиме и натаму. На ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија најмалку може да се префрли дека треба да имаат ваков или таков став, па ние или незнам кој тука да прифати дека сме за спроведување на Рамковниот договор. Точно кога овие две партии беа на власт и имаа мнозинство се донесени клучните документи од Рамковниот договор. Тоа е најсигурен и евидентен доказ.

Друг комплекс за кој мораме да мислиме, а да знаеме дека не мислат во Европа исто како ние за тој комплекс што мислиме, е ефикасноста, способноста на нашите институции. Всушност, тие мислат дека имаме недоизграден институционален систем или систем на институции, но тоа не е главниот проблем. Од искуство што овде се обиделе да спроведат нешто со нас им се укажува на некое сознание дека нашите институции се со недоволен капацитет, немаат доволна автономност што им е дадена со Уставот и законите, значи можат да бидат под политички притисок, заради тоа немаат доволна ефикасност и тоа е основната причина, а има и конфликт меѓу институциите, необјаснив конфликт по важни прашања. Јас можам само да ви ги кажам честите и непотребни конфликти меѓу дел од Собранието на Република Македонија и Претседателот на државата, но и Владата и некои министерства и Претседателот на државата. Но, има конфликти и меѓу другите институции. Таа недоволна капацитетност на институциите зборува дека во Македонија едноставно постојат три резултати од тој факт. Еден резултат е дека не е сигурно владеењето на правото и дека ако нема автономност на институциите, тогаш делењето на правото не само во судовите, туку и во целата администрација ќе оди по некои други критериуми и други упатства.

Второ, таа сериозна неперфектност на институциите не дозволува да дојде до консензус околу неколку крупни прашања во државата, од кои зависи иднината на државата. Како се соочуваме со организираниот криминал, знаеме ли што се случува со нашата економија до каде сме, зошто тоа се случува и кој е излезот. Оваа година имаме ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Андов, мислам дека знаете што е точката на дневен ред.

СТОЈАН АНДОВ:

Да, јас мислам и вие знаете господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дадовте поддршка на Декларацијата и сега од ова што дискутирате ..

СТОЈАН АНДОВ:

Да, ако ви е јасно зашто зборувам и ако знаете што е точката на дневен ред, ќе ви биде важно да ги слушнете и овие работи како и на што се обврзува и ова Собрание во спроведувањето на една политика која произлегува и ни ја порачува оваа Декларација. Ако ја донесеме оваа Декларација ќе мораме да го прекршиме ова овде што го има. Во нашето Собрание еден од основните недостатоци е што не може да се обезбеди парламентарна контрола на Владата, а тоа е втор или трет критериум во Агендата 2000 за прием на членките во Европската унија. Овде предлози на коалицијата, без да се согласат предлагачите, се симнуваат од дневен ред, се наметнува мнозинството.

Според тоа, од тука почнува, од таа состојба почнува тешкотијата на неавтономноста на нашите институции, бидејќи вие мислите дека ние не треба да ги кажеме проблемите, со чие решавање можеме да ги оствариме аспирациите од Агендата, а мислите дека е доволно свечено да гласаме за оваа Декларација, а бидејќи ние не ја спориме, ајде да се вратиме на свеченоста и ќе гласаме за неа. Се разбира, Декларацијата е неспорна, а за пораките секој нека си размислува сам понатаму.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Андов.

Погрешно ме разбравте. Сите забелешки ќе дојдат во форма на закони и ќе имаме можности да ги продискутираме дали се во согласност со Декларацијата што сега ќе ја донесеме или не.

Сега имаме реплики.

Реплика за господинот Џезаир Шаќири, три минути.

ЏЕЗАИР ШАЌИРИ:

Сакам да реплицирам на оној дел од говорот на господинот Андов, каде што рече дека не може да разбере во однос на Тетовскиот универзитет, а законот за него е усвоен, надвор од Охридскиот договор. Сакам да го потсетам господинот Андов дека во делот на преамбулата на Охридскиот договор каде на декларативен начин се зборува дека македонската држава ќе биде држава на рамноправни граѓани на Република Македонија, затоа се прават големи притисоци од меѓународната заедница да се измени овој дел. И вие добро знаете и ние добро знаеме дека Тетовскиот универзитет уште одамна постои. Зошто ги гледате вака работите? Зошто албанците многу даваат на значење на преамбулата и дојде до измена на преамбулата? Каде е проблемот, не го разбирам навистина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Рафис Алити, повелете три минути за рреплика.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам господине претседател.

Ја поздравувам иницијативата со која ние како Собрание ќе аплицираме во Европската унија. Но истовремено сите треба да знаат дека Македонија е во Европа, меѓутоа за да стане дел од Европската унија треба да ги подобриме стандардите и нашето однесување овде во државата.

Мојата реплика на говорникот кој го спомна Охридскиот договор. Истовремено, кога со спомнуваме Охридскиот договор, на сите треба да ни биде јасно дека Охридскиот договор не може да го гледа секој пратеник или секоја парламентарна група од свој агол. Затоа, треба да бидеме свесни дека меѓународните претставници или претставниците на Европската унија секој ден се тука во нашата држава и во Европа не се аплицира со демагогија, туку треба да аплицираме и истовремено да ги подобриме нашите однесувања, за да ги подобриме и стандардите. Така, во иднина е добро сите да го подржиме ова, меѓутоа, не со демагогија туку со конкретна работа. Една поранешна поговорка која се користеше во 80-тите години вели дека треба да поминеме од зборови на дело, а не да продаваме демагогија на населението.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господа пратеници, би сакал да го искажам моето разочарување, бидејќи ова го сметавме за свечен чин, но очигледно многу работи во овие 13 години на плурализмот сеуште не ги научивме и сме на почеток. Можеби далеку сме од тоа да бидеме европјани, а јас ќе бидам сега европјанец кој ќе бара точност и затоа точно во 14,оо часот ќе дадам пауза, а со работа ќе продолжиме во 15,оо часот.

(Пауза)

Да продолжиме со работа.

Има збор господинот Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Почитувани колеги, почитувани пратеници,

Денес имаме една многу значајна Декларација предложена од парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ која се однесува на апликацијата на ВМРО-ДПМНЕ за членство во Европската унија, што е многу значајно прашање за Република Македонија и за граѓаните.

Пред да направиме анализа на апликацијата за членство во Европската унија, би сакал почитувани пратеници, да говорам за одредени феномени кои ја придружуваа Република Македонија и нејзината политика од почетокот на 90-тите години до 2004 година. Значи, ние сме во 14-тата година на парламентарната демократија во Република Македонија и се разбира дека овие години беа исполнети со многу феномени, со многу плими и осеки.

Почитувани колеги, јас се градам во политиката од 1990-та година и така како обичен активист во мојата партија, па се до денес, одев постепено и сите овие политички феномени ги познавам. Затоа, многу често се говори дека ние треба да одиме во Европа, треба да се интегрираме. Јас ова ќе го поставам поинаку, ние треба Европа да ја донесеме тука, ние треба да направиме тука реформи за да дојде Европа тука, а ние никогаш нема да можеме да одиме во Европа со погрешен менталитет, со нереформирана политика, со нереформирана економија и со сиромашни транзиции.

Затоа, констатирам дека Македонија во последниве 14 години се обидуваше да спроведе реформи, се обидуваше Европа да ја донесе тука, меѓутоа,

токму на овој ден би сакал да ги направам транспарентни некои идеи кои ја придружуваа политиката во Република Македонија. Затоа, господине претседател, јас реков дека би сакал госпоѓата Шекеринска да биде тука. Јас ја познавам добро од порано, ние сме имале отворени дебати со неа на некои ручеци кои ни ги приредуваше господинот Сокалски, кој го запознав во годините 1994, 1995 и 1996 година. Тоа беше период кога имаше многу луѓе кои не учеа како Македонија треба да ги направи реформите и како треба да се адпатира кон Европа и западната демократија. Жалам што сеуште се табу тема тие дебати кои едно време ги водев со госпоѓица Шекеринска на тие ручеци на Сокалски и би сакал една од тие теми и тука да изнесам пред вас.

Прво, еднаш зборувавме околу националните симболи во Република Македонија. Госпоѓица Шекеринска ми рече: ти, доколку бидеш спортист на Република Македонија и треба да ги браниш боите на државата надвор од земјата, под чие знаме ќе ги браниш боите. Јас реков, разбирам што е државно знаме, госпоѓице, меѓутоа, сакам да ви кажам дека мојот народ има национално знаме. Ние сме имале знаме веќе 600 години и затоа неизбежно треба македонскиот народ да постигне консензус со албанскиот, за да имаме едно заедничко знаме кое ќе се постигне со консензус и кое ќе ја претставува Македонија. При тие остри дебати, тие ментори кои беа инсталирани тука веднаш реагираа и рекоа: неопходно треба да ја консолидирате демократијата, да ја консолидирате консенсуалната демократија, со цел Македонија полесно да чекори во насока на овие механизми.

Карактеристично е што ние сеуште продолжуваме со овие табу теми што Република Македонија треба да ги надмине и неопходно треба да го најдеме виновникот, односно менталитетот кој се негува и кој отвора погрешен пат за Република Македонија во насока на европската интеграција.

Во однос на ова, би се задржал и на еден феномен кој сакам тука да го изнесам на граѓаните. Во 1998 година дојде на власт коалицијата на ДПА и ВМРО и се разбира дека во оваа коалиција ние се обидувавме да имаме што поразвиена и што поафирмативна платформа во однос на механизмите на Европската унија, затоа што бевме заинтересирани како коалиција да ја приближиме земјата кон европските интеграции.

Ова го спомнувам, господине претседател, токму со намера да го расчленам погрешниот менталитет на некои политичари и да го најдеме виновникот кој е токму попречувач на интегрирањето во Европската унија. Значи, со доаѓањето

на власт на оваа коалиција, имавме неколку точки кои сакавме да ги реализираме со цел приближување кон овие интеграции. Би ги спомнал тие точки.

Првата точка беше ослободување на политичките затвореници, ослободување на градоначлаником кој беше неправедно приведен.

Втората точка беше отворањето на третиот канал на албански јазик во Македонската радио телевизија.

Третата точка беше децентрализацијата од централна на локалната власт.

Четврттата точка беше универзитетот.

Петтата точка беше Законот за употреба на јазиците.

Ова беше една коалиција која сакаше на искрен начин да ја афирмира Република Македонија и да ја приближи кон европските стандарди и механизми.

Почитувани пратеници, имате стенограми и архива во овој Парламент. Мора да се расвтли и да се изнесе пред јавноста тој менталитет, кој беше против овие текови во тоа време, менталитетот на СДСМ. Колку за информација, во тоа време тогашниот претседател, односно поранешниот претседател на Република Македонија господинот Киро Глигоров беше тој кој ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Матоши, ве молам зборувајте за Декларацијата, она што е иднина на оваа држава.

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас сакам да кажам кој ја спречи Македонија. Не би сакал претседателот на Парламентот да ме прекинува во моето излагање. Не мора веднаш да рипате кога ќе го спомнам Киро Глигоров.

Зборуваме за иднината, зошто некој го култивираше тој менталитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Доволно кажавте, ве молам продолжете.

РУЖДИ МАТОШИ:

Затоа, токму тие што инсталираа таква политика во тоа време, кои постојано инсталираа страотни тези против коалицијата од 1998 година и токму

поради тоа што оваа коалиција се ориентираше кон афирмирање на Република Македонија и приближување кон овие механизми, вие тогаш ја активиравте вашата позната мрежа за да ја сатанизирате таа програма, програма која беше многу јасна и сериозна и имаше сериозен пристап кон проблемите кои ја преокупираа Република Македонија.

Јас би сакал на овој начин да го изнесме кој е виновник, кој е виновник, затоа што ние сме далеку зад многу земји во однос на интеграционите процеси.

Почитувани пратеници,

Треба само да помислите на тоа каде беа Естонија, Летонија, Чешка, Словачка, Полска, каде беше Бугарија, каде беа Романија, тоа се сите земји кои требаше во овој процес да бидат зад Република Македонија. Затоа сакам јасно да изложам еден менталитет на една таква тесна политика, која се водеше до 1998 година, и се разбира затоа плаќаат граѓаните на Република Македонија и плаќаме сите ние заедно. Ја плаќаме цената на тој тежок менталитет.

Само уште еден елемент на овој вид на менталитет да спомнам г-дине претседател.

Во 1994 година, ПДП беше на власт, и сакаше да го смени директорот на Домот на културата во Тетово. Знаете ли што рекоа учесниците на Власта во тоа време. Рекоа ние сакаме да ставаме албанец како раководител на Домот на културата, меѓутоа не може македонскиот народ да разбере дека треба да се смени тој човек, затоа не смее ме да го смениме. Еве каков менталитет сме имале развиен во таа насока, за да создадеме. Значи, еве како пристап сме имале во однос правичноста застапеност во тоа време.

Сакам овој вид на менталитет, јас сум да го изложам за да не се повтори ова. Туку напротив се движиме во насока на еден подобар начин на размислување.

Сега повторно сме пред фаза кога треба неопходно да се резултира со неопходни чекори, позитивни чекори, а ние напротив како ДПА имавме наши забелешки, посебно во однос на имплементацијата на рамковниот договор, во однос на главните столбови на рамковниот договор кој треба да ја направи Македонија Европска држава. Јас констатирам дека треба неопходно вие да се сконцентрирате како Влада, и ние сите заедно на соодветна имплементација на рамковниот договор на двојазичноста односно употребата на албанскиот јазик во институциите на системот, на правичната застапеност во државните институции, затоа што целиот дух на Рамковниот договор односно овие сегменти се тие кои даваат соодветна

димензија на Рамковниот договор како и другите закони  кои произлегуваат од локалната самоуправа.

Секој регрес, секое задоцнување кое ќе се констатира ќе значи неуспех во однос на интегрирањето на Македонија во Европа.

Ние како ДПА ќе ја поддржиме декларацијата, ние сметаме дека е позитивно за Република Македонија што поскоро да се интегрираме во механизмите во Европската Унија и се разбира дека тоа ќе биде многу позитивно за нас, доколку се интегрираме во Европа.

Меѓутоа, што ќе се случи доколку добиеме негативен одговор, како држава на нашата апликација за членство. За барање за членство во европските механизми, значи доколку добиеме  негативен одговор почитувани пратеници, се разбира, дека ќе има големо разочарување кај населението, кај граѓаните на Република Македонија, ќе се зголеми незадоволството, кон оваа власт и се разбира тоа треба да резултира со едно оддалечување на оваа влада односно со едно оди си за Бранко и за Али Ахмети.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Матоши.

Не би сакал да коментирам за менталитетот, инаку мора да признаете дека менталитетот сепак се менува, досега, по деловникот, можев и да ве прекинам, но не ве преќинав.

Збор има г-динот Марјан Ѓорчев, а нека се подготви пратеникот Исмет Рамадани.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван г-дине претседателе, почитувана потпртседателке на Владата на Република Македонија почитувани дами и г-да пратеници. Декларацијата за поднесување барање за членство на Република Македонија во ЕУ, барем според мене најмалку е политички чин, а, пред се претставува државнички чин.

Бидејќи дискусијата отиде во правец на политичка дискусија, а тоа е нормално се определивме за политички плурализам, различни идеи, решенија, размисли за одделни прашања, па и кога е во прашање Европската идеја јас во овој дел можам да го разберам тоа затоа што тоа е нашата реалност, тоа сме ние и дури во ваков момент ние треба да бидеме тоа што сме, да не се прикажуваме поинакви, оти и ние

самите, а и Европа има за нас поинакви размисли, а тоа е лошо за иднината и на нашата држава и на нашиот народ, на сите граѓани, а пред се за иднината на нашите поколенија.

Во делот на државничката димензија при донесувањето на она што претставува оваа декларација треба да споменеме дека Собранието на Република Македонија е законодавен дом во кој што ние, членовите на ова Собрание во период од четири години сме само претставници и на политички партии, но пред се претставници на граѓаните на Република Македонија. Ние заради нив сме тука и избрани сме со нивни гласови, некој гласал за нас заради нашата личност, некој гласал заради нашата политичка партија, некој гласал заради тоа што сметал дека таа опција е најдобра и дека таа опција нуди најдобро решение за Република Македонија. Но, во секој случај се што правиме тука па и чекорењето кон ЕУ, не го правиме заради нас или пак сите оние парламентарни состави, три пред нас, и после нас колку ќе бидат, сетоа тоа го правиме пред се, пак ќе кажам, заради граѓаните на Република Македонија.

Оттука морам да кажам дека нашиот пат кон ЕУ, е отпочнат од самите граѓани со чинот на подготвувањето односно реализацијата, материјализацијата на идејата за независна, суверена, самостојна македонска држава, која што претставуваше од целотворување на сонот на многу генерации македонски граѓани во различни временски периоди и епохи, но на крајот на краиштата претставуваше политичка придобивка за Европските држави, оваа малечка македонска држава конечно да биде дел од Европските држави.

Во тој процес ние дефакто го отпочнавме процесот на долгиот пат, долгиот марш, да стигнеме до она што претставува наша денешна реалност, да стигнеме до тоа да поднесеме декларација за членство, барање за членство во ЕУ. Формалниот чин кој претставува голем успех за Македонија 9 април Луксембург, потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ, беше вториот чекор, а мислам дека овој државнички чекор ќе биде исто така одбележан без разлика, според ова мое скромно мислење, како што цени, мислам дека ова е чин кој што исто така ќе овозможи дигнитетот на македонскиот граѓанин во однос на Европската идеја да биде повисок, да се чувствува поважен и на таков начин да стекне верба дедка институциите на системот меѓу кои што ценам дека парламентот во времето на парламентарна демократија е врвна институција ќе ми влее доверба дека имаме сили, дека имаме можности, дека можеме ако не во овој краткорочен период до 2006

година, барем во вториот мандат до 2010 година она што тука го говориме да го преточиме на македонецот во реалност, а тоа е потпишување на асоцијативен статус на Република Македонија  како асоцијативна членка кон ЕУ.

Ние имавме минато во кој што многу потценувачки со многу наши соседи и во овој парламент тука се дискутирало со индигнација, со резерва, со понижување, но земјите кои се во нашето опкружување покажаа дека тие ја разбраа суштината на патот односно чекорењето кон ЕУдодека ние заталкавме по југословенските безпатија и се најдовме таму каде што се најдовме денеска, последни со големо искуство за живеење би рекол во федерацијај со други народи, со други национаности така да се изразам, со други етнички заедници и успеавме да стигнеме, еве сега, барем први, од тој таканаречен, западен балкан да потпишеме Спогодба како 9 април во Луксембург, еве сега се надевам едногласно, експлицитно ќе ја дадеме поддршката на оваа декларација.

Едноставно ние само треба да разбереме дека ЕУ, не е идеја или проект а Република Македонија, туку дека ЕУ е економски, правен и политички систем кон кој што ние ќе се стремиме не само со нашата архива од картотеки и фајлови на хармонизирани закони, туку ние можеме да стигнеме таму исклучиво само со промена на нашата свест, со промена на демократскиот процес, односно изградување на демократскиот процес на одлучување, пред се, тука, во законодавниот дом на Република Македонија, а потоа и во сите други институции во Република Македонија кои што се од витално значење за тој процес на чекорење и доколку ние тоа не го разбереме таа институционалан важност повторно ќе направиме грешки во чекори, независно колку нашата желба, нашиот мотив, нашиот стремеж да бидат јаки.

Треба да знаеме дека Република Македонија во овој момент е под голем мониторинг, мониторинг од ЕУ, мониторинг од ОБСЕ, мониторинг од целата меѓународна заедница, нејзините репрезенти тука во Република Македонија, и, веќе сме доведени во ситуација да размислуваме дека одговорноста на парламентот, професионалноста и ефикасноста на Владата загриженоста на граѓаните за локалната самоуправа, независноста на судството или пак било кој сегмент кој претставува наша реалност, нашиот реален економси сектор е под големото око на Европската јавност, на Европските институции и тој правен економски и политички систем нема туку така  нас да ни дозволи да се доближиме до него и едноставно она што претставува реални параметри реални бројки мораме да ги исполниме, мораме

да го постигнеме тоа мораме да постигнеме бруто општествен производ по глава на жител да биде одредена бројка, мораме да ги развиеме и да ги сочуваме нашите реални бројки и критериуми, мораме да ја смалиме стапката на невработеност, мораме да овозможиме развој на цивилното општество, мораме да направиме реални демократски поместувања во она што претставува внатре партиско и меѓупартиско живеење и сето тоа ќе не доведе до повисоко ниво на демократија и тоа ниво на демократија ќе ни овозможи ЕУ да не гледа така како што ние сметаме сега дека треба да не гледа. Меѓутоа, прашање е дали тој процес ќе трае краткорочно или долгорочно и тоа ќе зависи, пред се, исклучиво само од нас.

Реформите кои што претстојат пред нас и кои што се прават во целиот овој транзиционен период почнувајќи некаде од 1994 година во сите оние зафати и преговори што Република Македонија ги води со меѓународните институции се реформи кои што имаат смисол, кој што имаат значење, кои што имаат целислучиво не само по себе туку доколку имаат за цел да го сочуваат македонското семејство, доколку имаат за цел да го сочуваат македонскиот човек да верува дека Република Македонија е земја која што му обезбедува надеж за живот, надеж за работа, и тој и неговите поколенија да се стремат да останат тука и заедно во европски дискурс да ја бараме среќата, иднината како граѓани на Република Македонија, а Македонија да биде дел од ЕЗ. Но, притоа, не треба да з аборавиме дека при правењето на тие реформи, уште еднаш ќе повторам во досегашниот изминат период на овие 13 години самостојност многу грешевме. Најмалку го гледавме граѓанинот на Република Македонија, повеќе гледавме институциите на системот односно претставниците на институциите на системот како ќе се претставаат во изведувањето на тие реформи, каков углед ѓе имаат, какви рејтинзи ќе имаат, а помалку гледавме колку е, каква е бројката на невработеност, колку проценти се затвараат, колку се теговите од структурните реформи, колку се обврските со кои што ќе се соочат идните генераци и на таков начин целот тој концепт во континуитет не беше европски, туку беше концепт кој што во себе содржеше бактерии, кој што содржеше, би рекол, вируси, од поранешниот систем во кој што живеевме и ние не можевме и до денешен ден и со денешната расправа да го надминеме.

Едноставно ние не создадовме наш внатрешен автентичен македонски вредносен систем. Ние произлеговме од еден федеративен систем кој што не обремени со совест, со начин на размислување со еден друг, да речеме производен систем на односи меѓу луѓето, меѓу човечка комуникација, неуспеавме за овие 13

години тоа да го надминеме, да биде тоа наш чисто внатрешен македонски автентичен свет во кој што ние претставниците на народот, на граѓаните, во институциите на системот само временски ќе помагаме или ќе одмагаме тој процес да го завршиме на начин како што пледираме сега веќе и со оваа декалрација.

Оваа декалрација, пак во тој државнички смисол јас ја замислувам, пред се, како наш заеднички, велам, во плурален амбиент повеќепартиски, поглед далеку напред кон европскиот хоризонт како наша претпоставена иднина, како наша патека по која што ние мораме да чекориме, временски толку колку што сами ќе решиме според нашите можности и според она што може македонскиот реален сектор да го поднесе на своите плеќи, а во овој момент тој македонски реален сектор е во таква состојба 200 илјади македонски граѓани вработени во македонскиот реален сектор изддржуваат 2 милиони граѓани на Република Македонија. Тоа е нашата реалност на еден вработен доаѓаат 10 издржувани лица, дали во државната администрација, дали стечајни работници, дали работници во ликвидирани претпријатија, дали пензионери, дали оние кои што допрва треба во образовниот систем ќе ги обучкиме и да ги подготвиме да бидат граѓани достојни на големата европска идеја.

Само вака свесни можеме сами временски да си го терминираме рокот во кој што ние цениме дека можеме да стигнеме до Европа. Да се надеваме дека тој рок следниот парламентарен состав можеби ќе има шанса и со потпишување на асоцијативно членство и да го надмине.

На крајот би сакал да спомнам тука и големи европски имиња, големи европски умови како Виктор Иго, како Аден Ауер, идеологот на нашето национално дело Делчев, да го спомнам како голем европеец, како човек кој што максимата “Македонија како поле за културен натпревар” ја преточил до степен на саможртва, а во жртвата за Македонија не може и не треба да има степени и граници, таа почнува и завршува тогаш кога е таа потребно со име и со чест. Со тоа име и со чест јас ја поддржувам оваа декларација за поднесување за барање членство во Европската Унија.

Благодарам.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувана потпретседател на Влада, почитувани колеги,

Откако сме ставиле име на партијата Партија за демократски просперитет, според просперитет сме го имале како симболика на нашето тежнеење кон Европската унија. Овде некој ќе каже, еве сега се фали Исмет Рамадани, дека ние од ВМРО-ДПМНЕ сме ја предложиле декларацијата.

Јас овде сакам да почнам со една шега, бидејќи, без оглед од каде доаѓа предлогот, ако е за наше добро, за добро на граѓаните на Република Македонија, ние од ПДП секогаш ги поддржуваме овие иницијативи и овде немаме никакви резерви. Меѓутоа, постоело време кога ние, многу наши определби односно иницијативи за зачленување во европски институции сме ги условувале. Ова не сме го криеле и на транспарентен начин смего рекле често пати. Уште од времето кога ПДП дало декларација за рамноправност на албанците во Македонија, сме условувале многу прашања само за да потсетиме и да дадеме порака до Парламентот и до другите институции дека треба да се исполнуваат стандардите. Верувајте, кога сега ги набројуваме овие стандарди, јас се сеќавам на 1992, 1994, 1996, 1998 година. Ова биле и се, можеби еден пораст во овие години на криминалот и корупцијата, за што тогаш не сме ни мислеле дека ќе го опфати толку ова општество, државата Република Македонија.

Вистина е дека ние сме рекле и тогаш кога требаше да се зачлениме во КЕБС или во ОБСЕ. Ни се лутеа колегите, дури и тие што ги имавме за партнери во владината коалиција, и овде, зошто вие условувате, зошто вие велите не. Ние со еден умерен парламентарен дијалог велевме, треба да се исполнат стандарди. Тоа се стандарди кои ни доаѓаат како порака од Европската унија. Тоа се стандарди кои се стабилизирачки и оваа работа треба да ја направиме. Затоа не треба лошо да не разберете, бидејќи тоа е за доброто на сите, тие да се исполнат.

Кога дојде време да се зачлениме во Европскиот совет, истите позиции ги држеше нашата партија. Меѓутоа, изгледа ние не сме виновни што требало секогаш ние да го правиме првиот чекор, туку тој прв чекор не бил добро разбран. Ние тоа го разбравме како игра, што значи мониторинг и што значи исполнување на стандарди за да бидеш интересен за Европската унија ида бидеш тогаш поинтересен од многу други држави кои аплицираа порано. Само да направам една мала споредба со соседот Република Бугарија. Имено, Бугарија од 1997 година аплицираше за да се зачлени во Европската унија. И ако споредуваме со 1997 година Република Македонија и Република Бугарија, во неколку стандарди кои се однесуваа на инфраструктурата, или на инвестициите, тогаш сме ги имале сите предности.

Меѓутоа, со сето тоа, ние сега имаме декорација за која ние нема да условуваме, нема да launch речеме не, затоа што знаеме, дефинитивно нешто се менува кај сите нас, посебно кога треба да се даде согласност, како парламентарни групи, или како парламентарни партии. Меѓутоа, треба да им кажеме на граѓаните, да бидеме многу отворени кон нив, да не оставиме впечаток, како да им велиме на граѓаните од 26 февруари да се егзалтирате и да празнувате затоа што сме аплицирале во Европската унија и сите работи сега ни се подобри од било кога. Напротив, треба да им кажеме на граѓаните многу отворено и јасно дека на 26 февруари ние аплицираме во мониторинг, аплицираме за да работиме повеќе, ние како Парламент, како Влада и сите други субјекти кои се составен дел на оваа држава, за да може да функционира. Ние дури сакаме и да разбереме дека дури од моментот на апликацијата треба да се измени многу и нашиот политички речник, било на меѓуетнички простор било во изградба на понатамошната демократија, било во еконмска и социјална димензија, во реформи, закони итн. Кога се декларираме овде, како да сме поумерени како да даваме и знаци на некоја седница која е малку е свечена. Меѓутоа ако сега се прекине оваа седница и се рече помина декларацијата и само што ќе почне законот за територијална организација на Република Македонија, ние стануваме потполно други луѓе. Нашиот политички речник станува сосема поинаков. Ние веднаш стануваме различни, како да не сме тие што сме, во оваа декларација кога ги кажуваме нашите реченици. Затоа, нема да ги спомнам сите тие стандарди бидејќи толку пати се кажувани, толку пораки ни давале тие што, да речам, во еден момент ќе одлучат за нашето зачленување. Меѓутоа, и ден денес гледам големи дисонанти во однос на вреднувањата и оценките, од една иста средба. На пример Комисијата или групата за соработка со Европскиот Парламент која се сретна со Дорис Пак. Од конференцијата, од пресот јас, иако сакав да го искористам моето искуство како пратеник, не разбрав што рекла Дорис Пак, сериозно не разбрав. Или не разбрав што не сум бил таму присутен, тоа е многу реално, меѓутоа не разбрав и од тоа што ни донесе пратеничката група што се сретна таму со Дорис Пак. Значи ние и понатаму гледаме до каде се унапредила технологијата на информациите, до каде напредбал начинот, формата и содржината на средбите за размена на информации. Ние мислиме ако овде направиме некое дело, ајде да го направиме ова и ова, за ова ќе не гледаат, за ова нема да не гледаат и така да се криеме, мамејќи се себе си, дека, еве добро поминавме со тие што се сретнавме, без да се убедиме себе си, ги убедивме нив дека сме ги

исполниле, или сме на добар пат да ги исполниме стандардите кон тоа што значи интеграција во Европската унија. Понатаму, треба да бидеме малку и транспарентни, посебно од овде како пратеници, во врска со декларацијата, бидејќи оваа декларација се надоврзува и со Владата, и со апликацијата и со претседателот на државата и со претседателот на Владата. До кога ние, на овој начин пред граѓаните немаме смелост да излеземе и да кажеме. Се извинувам што правам дигресија, меѓутоа кажете ми уште една држава соседна, во Европа или некаде на друго место каде имаме веќе трета недела штрајк во образование и највисоките раководители на државата, било да е претседателот на државата или на Владата, не се обраќаат на граѓаните на Македонија, да им се каже дека овој штрајк што се прави ќе ги има овие и овие импликации, или да каже отворено пред граѓаните можеме да го исполниме ова и ова, меѓутоа, ова не можеме, поради тоа и тоа, да кажеме транспарентно, да бидеме поотворени. Сакам да кажам тоа се ситуации кога, еве и за оваа декларација и за стандардите кои се бараат, треба да бидеме многу потранспарентни кон граѓаните затоа што на крајот на краиштата и тие ќе имаат сатисфакција и нашето задоцнување за интегрирање во Европската унија, ако разберат дека потешкотиите се големи, додека се постигнат тие стандарди за кои се разговара и денес. Затоа јас сакав на крајот повторно да го потврдам нашиот став дека и ние ќе ја поддржиме оваа декларација затоа што ние сме многу убедени дека оваа декларација за зачленување во Европската унија, ако ништо друго, барем ќе не направи посериозни сите нас, за да ги исполниме тие стандарди кои ни требаат првенствено нас, а потоа и на Европска унија, за да бидеме во нивното семејство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодама господинот Рамадани.

Има збор господинот Хисни Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Благодарам господине претседателе,

Почитувани пратеници, вистина е дека пред нас имаме една многу значајна иницијатива и на самиот почеток ќе ви кажам дека се радувам дека оваа иницијатива токму произлегува од парламентарната група ВМРО-ДПМНЕ.

Зошто вака размислива Хисни Шаќири.

Кога велам дека се радувам што оваа иницијатива доаѓа токму од најголемата опозициона македонска партија ВМРО-ДПМНЕ значи дека кај сите постои расположение и согласност да работиме во тој правец, со цел што поскоро Македонија да стане членка на Европската унија. Барем ова е тоа што го гледам во оваа декларација со која се обврзува Владата на Република Македонија да поднесе апликација за зачленување на Република Македонија во Европската унија.

Почитувани пратеници, вистина е дека сме имале консензус секогаш, во оваа насока и немало разлики.

Што се однесува до овие чекори кои се поврзани со најзначајните процеси на оваа држава, ние сме условиле декларации и резулуции кои биле во интерес на сите граѓани на Република Македонија и порано. Ќе употребам еден пример, сите студенти кога се запишуваат на факултет се запишуваат со надеж дека ќе ги завршат студиите. Меѓутоа постои друга вистина дека ги завршуваат студиите кои се трудат, кои сериозно работат и се докажуваат пред професорите дека имаат знаења и дека се кадри кои ќе бидат на висина на професијата која ќе ја вршат во иднина. Во тој правец ние пред очи треба да имаме еден факт. Не само да бидеме категорија на студенти кои сакаат само да се запишат туку треба да работиме со цел да ги извршиме сите оние обврски, со цел оваа иницијатива и желба да успее.

Тоа што сакам да го кажам е дека ние треба сите, пред се, да знаеме една вистина за тоа колку сме работеле ние во тој правец и колку сме оставиле впечаток дека Македонија во целина, а посебно Парламентот претставува огледало на севкупната работа во оваа држава, толку има дадено придонес во тој правец. Зошто не се свртиме кон ссамите себе. Мислам дека е време и момент оваа декларација да послужи, да покажеме единство околу многу прашања, да покажеме еден заеднички интерес, а тој заеднички интерес токму се гледа во оваа декларација.

Ние во ова Собрание сме дебатирале за многу прашања и сме успеале понекогаш решиме и многу значајни прашања. Мислам дека како резултат на решавање на тие прашања сега имаме храброст да поднесеме барање за зачленување во Европската унија.

Беа отворени дилеми тука околу одговорот кој би можеле да го добиеме. Одговорот треба да го побараме кај нас. Кога велам кај нас, мислам да тоа, на пример ние колку ќе работиме за реализација на таа цел, во овој момент и што ќе направиме да ја убедиме Европската унија дека Македонија навистина е сериозна, не само на ниво на она што се нарекува интерес за интеграции, туку на ниво и на

други интереси и прашања кои ги засегаат внатрешните интереси на земјава. Токму тука сакам да потенцирам едно прашање кое е многу значајно.

Што се однесува на прашањето на реформите, усогласувањето на целото законодавство со европските стандарди. Во конкретниов случај кога говориме за законодавството, зошто да не го спомнеме, дсега се наоѓаме пред еден многу значаен предизвик. За тоа токму говори и 50-тата седница која покажува дека ние од една координација што имавме и се подели еден документ на сите пратеници, успеавме тие закони да ја поминат првата фаза затоа што тука се наоѓа целата политичка игра на Македонија. Таа политичка игра каде се игра? Се игра во Собранието помеѓу парламентарните групи. И сега во овие значајни моменти што ги нарековме историски. А кога се работи за декларацијата зошто не се свртиме кон самите себе и да покажеме ниво, кое верувам, доколку водиме една соодветна политика во тој правец, ќе ни завиди Европа, бидејќи сум убеден дека Македонија има една многу значајна географска позиција и за Европаската унија. За да се увери Македонија дека Европската унија е заинтересирама Македонија да стане нејзина членка, а за тоа кажуваат многу факти, на пример инвестициите, разните мисии кои доаѓаат од Европската унија за следење на мониторинг ситуацијата и резултатите кои тие ги изнесуваат во тој правец. Мислам дека тоа се факти кои говорат многу. Меѓутоа, би сакал во иднина ние да бидеме оние кои ќе вложиме многу труд за да не личиме на оние студенти кои одат на испит за да не положат. Ние да бидеме студенти кои ќе одиме таму, за да го положиме испитот, а за да го постигнеме ова треба да се подготвиме и треба да работиме. Затоа, сето ова ни останува нас.

Јас ја поздравувам и силно ја поддржувам иницијативата и мислам дека нема да се двоумиме никогаш во овие инцјативи кои се во заеднички интерес да ги поддржиме и да ја имаат севкупната поддршка од ДУИ. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Шакири.

Повелете господине Назми Меќири, а овдека како последен дискутант е пратеникот Абдулади Бејсели.

НАЗМИ БЕКИРИ:

Господине претседател, госпоѓо потпретседател на Влада, почитувани колеги,

Расправаме за апликација во Европска унија. Сите сакаме да бидеме во оваа заедница, со сета оваа желба, сепак, секој од нас зема збор и го кажува своето мислење, за да придонесе кон оваа одлука, затоа што само желбата не е доволна, за да се направи една работа, туку е почетна основа  и на ова денешново. Не треба да употребуваме изрази дека Европската унија не не сака или поинаку не знаеме дали ќе не прифати, затоа што и оваа работа сите знаеме многу добро, Европската унија никогаш не рекла дека нема да не прими како што се државите од Европа, туку ги условува нив. Во оваа прилика и ние што многу тешко се оттргнуваме од минатиот менталитет, која што работа и заедницата не ја сочувала за себе и да се надеваме дека и нас ќе не толерира со тоа. Намерно ја спомнувам само желбата и менталитетот, а не ги спомнувам условите кои што треба да ги исполниме, а кои што не се малку. Меѓутоа, истовремено се и технички прашања кои што лесно се надминуваат кога постои желбата за надминување. Со еден збор ова зависи од нас. Во овој мал Балкан за светот Македонија е уште помала, која што во минатата деценија за неколку текови на разни природи, се обиде да се оттргне од светските движења на Балканот, за која што работа, ако ми се дозволи фигуративно, овие светски текови да ги претставам со годишните времиња, кои што измени Македонија не сакаше да ги прифати и потоа се гордееше со ова. Меѓутоа, да ја оставиме оваа тема за друга анализа на историјата. Денес Македонија не е вчерашната Македонија и ова го сведочи Охридскиот договор, кој што оди толку полека. Меѓутоа, на овој договор следи и нешто што не сме го спомнале воопшто. Меѓутоа, една поговорка вели, кој има голем товар, има и мал чекор. Затоа, нас ни треба помош, ни треба унитет за доброто на нашата иднина.

Се согласувам со моите колеги дека оваа апликација е историски акт, затоа што со овој чекор се отргнуваме од темното минато, од кое што ќе ги земеме само тие вредности кои се нарекуваат човечки вредности и кои што оваа држава ги има во изобилие. Затоа што, тоа ќе биде долг пат, до денот, колку ќе биде долг патот до денот кога ќе бидеме во оваа Европска унијца, тоа зависи од самите нас. Затоа,  да работиме ова време да биде што пократко време. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Бекири.

Повелете господине Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Благодарам господине претседател.

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Немав намера да земам збор, затоа што пракса било во овој Парламент кога се даваат предлози околу кои има висока согласност меу парламентарните групи, кои се претставени во Собранието, но и вонпарламентарни, за што е постигнат еден целосен консензус, традиција било да се пријави само еден д една парламентарна група и да го каже ставот на групата. Со оглед на фактот дека не гледам некој да се противи против оваа декларација, како што кажа и мојот колега, исто така, Партијата за демократски просперитет силно ја поддржува оваа иницијатива.

И, денес, тука наместо да имаме една празнична атмосфера да празнуваме за овој консензус кој се случува кога се работи за евроатлантските интеграции, а од друга страна имаме спротивставености околу прашања кои се од клучно значење за Република Македонија и за внатрешното законодавство. Вистина е дека со самата апликација, која ќе ја поднесеме и која денес ја поддржуваме, ја обврзуваме Владата тоа да го направи во текот на овој месец, ова претставува една поголема обврска за нас. Сакам да кажам дека си преземаме самите себе еден потежок товар, не физички товар, туку товар во однос на постигнување на граѓанска и етничка рамноправност на Република Македонија. Секој ни вели дека за да се постигнат европските стандарди, самите треба да ги постигнеме условите. Треба да се создадат услови, со цел набжудувачите кои доаѓаат од Европската унија, да видат, да се уверат дека навистина дека во Република Македонија се работи, се работи на реформите, се работи на имплементацијата на Рамковниот договор, се работи против организираниот криминал. Се работи и во насока на полно владеење на правото во Република Македонија. Ова не значи дека ние денес ќе ја поднесеме апликацијата, а потоа ќе продолжиме по старо во рамките на Парламентот и во рамките на другите државни институции. Но, во овој случај треба да бидеме малку поодговорни и да не бидеме еден против друг, туку да бидеме заедно и да го смениме тој начин на однесување, затоа што ние треба да бидеме еднакви во сите области во животот, затоа што со оглед на фактот дека сме дел и дека наша цел претставува европската интеграција, тогаш во прв ред треба да исчистиме во нашиот двор. Доколку ги слушнете разните изјави од претставници на Европа, тие од се срце велат дека Македонија може еден ден да има статус на асоцијативна

членка во Република Македонија, меѓутоа, тој пат се поминува само преку Охрид и само преку соодветна имплементација на Рамковниот договор. Во оваа насока ние сме ги преземале првите чекори, јас не велам дека нема резултати, но резултатите не треба тука да запрат, тие треба и натаму да продолжат. На сите да им се докаже, посебно на оние кои не набљудуваат и опсервираат, тоа се европејците, да им докажеме дека навистина во Македонија почнуваат целосна имплементација, било на Рамковниот договор, било на реформите кои треба да се направат во државните институции, кои се се разбира, одамна претставуваат наша обврска.

Само еден пример кој би сакал да го спомнам. Навистина, лудост е за нас како држава, доколку претседателот на државата и Владата односно Министерството за надворешни работи, не можат да се разберат околу тоа кој ќе биде поставен за амбасадор во државите во светот и кој ќе ја претставува Македонија. Треба да следиме една логика, треба веќе да го напуштиме стариот начин на размислување и треба да го направиме следното. Не треба на чвекот да му наоѓаме работа, туку треба на работното место да му најдеме човек. Доколку тргнеме од овие ачела, навистина, верувајте дека ќе имаме позитивни сигнали дека во Македонија нешто се работи.

Со ова не сакам да должам, затоа што ветив дека ќе бидам многу краток, само уште еднаш сакам да истакнам дека давам поддршка, но исто така сакам да кажам дека сега преземаме голема обврска со тоа што треба да бидеме поодговорни, посериозни и поискрени во реализацијата на обврските превземени, кои произлегуваат од оваа апликација. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарма господине Вејсели.

Гопсодине Даневски повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господин претседателе, дами и господа пратеници, госпоѓица потпретседател на Владата,

Денеска се договоривме да дадеме сите максимална поддршка со консензус. Обично ние иако ќе се договориме, од договорот вообичаено ќе избегаме. Целата замисла беше да дадат по една дискусија координаторите од пратеничките групи, сите оние наши во Европарламентот претставници, но обичај е, сакаме сите да

подискутираме, да дадеме придонес и мислиме дека секое кажување би било добро. Сигурно дека ова што денеска некој го протолкуваше како историски чин, мислам дека историскиот чин ќе биде тогаш кога ќе бидеме примени. Ова е еден од условите или предусловите. Преведено на нашински оа е наша желба да се пишеме, да купиме ливче, да играме лото. Тоа значи сакаме да аплицираме.

Она што значи втората фаза од условите, се другото, што е малку потешка работа и ова денеска што го правиме е едно задолжување на Владата и на сите нас, почнувајќи од Парламентот и Владата, малку повеќе да поработиме.

Обичниот граѓанин размислува вака, доста вие таму во Парламентот се карате. Дајте размислувајте со гласот на народот, дајте да подискутираме во Парламентот, имате консензус за она што значи живот, за она што значи вработување, да се надминат разликите меѓу вас, да нема кавги, дајте во Парламентот дискутирајте за закони од економијата. Доста ни е од гола политика. Тоа го порачуваат граѓаните. Ова неслучајно го зборувам, затоа што иста порака ќе дојде и многу пософистицирана од Европа. Ние да одиме во Европа, тогаш треба самите да си помогнеме. Многу работи треба да завршиме. Обично продаваме тука демагогија од дневно политички карактер и слушаме разно разни дискутанти кои се промовираат ете, да бидат запишани дека дискутирале ради реда, но нема никаков придонес. Никаков придонес нема за она што значи реално живеење. Она што треба ние да направиме во Европа, да си го визираме пасошот, тоа е што значи дека ние треба да исполниме многу, многу услови. Еден од најгорливите услови, тоа е што значи вработувањето. Македонија оди да биде светски рекордер по невработеност. Во овој момент имаме некаде 400 илјади невработени, со тенденција бројот да се зголемува.

И сите услови да ги исполниме, и тоа што значи условот за Армијата, да ја разградиме, да ја уништиме Армијата, да ја реформираме, да направиме било што, последниот услов што неможеме ние да го поминеме така лесно, тоа значи заздравување на економијата. Водиме многу грешна политика, со тоа што се води контра политика, ако не е од нашата партија. Ова го зборувам од било која влада да е на власт, ова го зборувам од практични причини, затоа што сите треба да му дадеме пас на стопанството. Ние му правиме контра ефект на стопанството. Политиката треба да се тргне од стопанството. За жал, помешавме она што е политика и она што треба да биде економија. Политиката е вметната во економијата и правиме катастрофални грешки. Вакви, какви што сме во моментов и ако ние не се

реформираме, не само во делот на политичкиот, економскиот, социјалниот, не не прима нас Европа. Да не споредуваме со она што го направи Словенија. Словенија не треба да ја примат, таа направи економски бум. Економскито бум сам ќе не внесе во големото или богатото друштво во Европа. Европјаните не сакаат сиромаси. Ние, за жал, во овој момент, не само што сме мала држава, не само што сме сиромашна, туку имаме голем багаж. Треба да ги надминеме етничките недоразбирања, тоа е голем багаж. Да ги надминеме недоразбирања во делот на она што значи Македонија. Ние дискутираме, поаѓајќи од дневно политички аспекти. Секоја политичка партија си настапува единствено. Тоа е најголемата грешка. И, ако денеска, еве, постигнуваме некој привиден консензус, би било добро во иднина, она што значи живот, она што значи перспектива и за нас и нашите граѓани во делот на економските теми Парламентот многу повеќе да се занимава со економските теми, да ги надминеме овие политички теми, затоа што многу губиме време во празно, од во празно. Да дискутираме она што значи живот и само така може да  го визираме пасошот, да си направиме услуга, затоа што Европа не гледа нас под ренген и многу, многу услови ќе ни поставува. Сега, за аспирантирте,  кои вели дека треба да бидат и членови во Европската унија, кои веќе го поминале првиот и вториот тест, првиот и вториот филтер, сега им дава дополнителни задолженија. Ние сме на почетокот, иако немаме консензус по економските прашања, а многу малку сакаме да дискутираме по економските прашања, затоа што економските прашања се тие што не визираат и не носат во Европа. Сето друго е празна политика, празна демагогија. Не можеме ние да ги лажеме во Европа или во светот, затоа што Европа нас не има скенирано и не познава многу повеќе, отколку што самите ние се познаваме. Еве, ќе прекинам, затоа што е добар момент да се укажат некои работи. Даваме апсолутна поддршка за ова што значи желба за влез во богатото друштво. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Даневски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата.

Посебна молба до оние пратеници, кои истапија на говорницата и јавно кажаа дека ќе поддржат, тој искажан збор да го покажат и со тоа што ќе притиснат на копчето за гласање.

Уште еднаш ги молам сите пратеници, кои што се во рамките на Собранието да влезат во салата.

Почитувани колеги пратеници, Предлогот на декларацијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 85 пратеници, гласале 85 пратеници.

Јас, навистина, само би сакал на сите граѓани, како и на овој Парламент да им честитам на изгласаната Декларација. Навистина, жалам што одредени пратеници кои дискутирале не се тука да гласаат и нема да имаат можност на своите внуци да им кажат дека гласале за Декларацијата, бидејќи навистина сметав дека оваа е историска, а за мене ова е еден од најдрагоцените подароци за мојот роденден.

Благодарам.

(Аплауз).

Преминуваме на точката 11 - **Предлог на одлука за задолжување на Владата на Република Македонија  да поднесе барање за членство на Република Македонија во Европската унија.**

Господинот Чашуле има збор.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Пред да ја отворите оваа точка на дневен ред сакам само накратко уште малку да ви го задржам внимаието со два предлога.

Едниот е, ќе ја повлечеме оваа точка од дневен ред и дозволете ми многу кратко да образложам зошто.

Уште во фазата на своето доенсување, и сега веќе донесена Деларацијата почна да дава дејство. Дејствува во смисла на тоа што сме единствени и нема да дозволиме разликите за зачленувањето во Унијата да ни ги разбијат. Секој од нас одговорно од денес натаму ќе гледа што се ни претстои за да стасаме таму. Никој не вели дека денес ќе се изјасниме за европејци и дека утре ќе станеме. Ќе станеме тогаш коа на граѓнит екои ни го дадоа овој мандат ова да го сториме ќе им создадеме држава која ќе биде европска, а тоа почна веќе сега. Верувајте ми ние да си ја направиме нашата држава европска без оглед на тоа кога и како ќе влеземе

таму. Но, едно е јасно. Преземавме на себе 4000-5000 прашања на кои сите заедно ќе треба да одговориме. Превземајки ги враќање назад нема. Тие стануваат наш котекс и ние ќе мора да живееме и со нив да ги имплементираме и да живееме за нив.

Ви благодарам уште еднаш на гласањето и во тоа име како знак на наша констурктивност и фактот дека Декларацијата ги исцрпува надлежностите на Собраието ја повлекуваме одлуката.

Вториот предлог е една замолница. По точката за разрешување на заменикот на министер да ја завршиме оваа седница и со нашите демократски, а сепак со европска проекција разлики околу територијалната организација да ги продолжиме идната недела.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи точката е повлечена.

Остаува уште една последна точка - за разрешување на заменик на министер за здравство.

Бидејки премиерот не е присутен оваа точка ќе ја разгледуваме кога ќе биде присутен премиерот.

Значи со тоа ја завршуваме денешната расправа по Педесет и првата седница.

Тука ја затварам и денешната сесија.

Уште еднаш ви честитам за Декларацијата.

Почнуваме во понеделник во 11,00 часот со 51-та седница.

(Седницата прекина со работа во 16,15 часот).